МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 199
Мај 2026



ISSN 1857-6710

**Министерот Мисајловски на првата сесија на стратешкиот дијалог со САД**

**Иран 2026: Регионалниот конфликт како катализатор на глобални безбедносни ризици**

**ХЕЛИКОПТЕР „SIKORSKY S-70“**




# Министерот Мисајловски на првата с

Во рамките на стратешкиот дијалог со САД, кој се реализираше во Вашингтон, министерот за одбрана, Владо Мисајловски, ја предводеше првата сесија од разговорите посветена на одбранбените и безбедносни прашања, при што укажа на долготрајното партнерство помеѓу двете сојузнички земји кое „ги зајакнува одбранбените капацитети и ги зацврстува мирот и безбедноста.“ Пред претставниците на американскиот Стејт департмент, Мисајловски истакна дека одбранбената соработка меѓу двете држави е на исклучително високо ниво, додавајќи дека постои потенцијал за уште посилна и посеопфатна соработка на полето на одбраната и безбедноста.

Министерот Мисајловски упати благодарност за сета досегашна поддршка од страна на САД и посочи дека ова стратешко партнерство е клучен фактор во процесот на трансформација, подобрување, развој и модернизација на нашите одбранбени капацитети и способности. „Континуираната поддршка од САД и од останатите сојузници, преку дополнителни заеднички активности овозможува стабилен и одржлив безбедносен развој, усогласување со стандардите на НАТО и исполнување на НАТО целите на способност“, рече тој.

Министерот Мисајловски нагласи дека за сите овие изминати 30 години, клучните програми за безбедносна соработка на САД кои опфаќаат активности, меѓу кои и грантови, заеми, набавки и др. за сојузничките земји, се имплементирани 67 (околу 70) аквизициски проекти за потребите на нашата армија. Дополнително, реализирани се голем број заеднички вежбовни активности, обука, тренинг и едукација за персоналот во Министерството за одбрана и Армијата. „Во моментов во процес на набавка се 16 договори со САД кои вклучуваат опрема за различни видови одбранбени










# сесија на стратешкиот дијалог со САД

капацитети и во согласност со стратешките документи и Долгорочниот план за развој на одбранбени способности, разгледуваме дополнителни можности за континуиран и значаен развој на соработка со САД".

За време на првата сесија, Мисајловски се осврна и на одбранбениот буџет и на плановите на раст, модернизација и опремување во наредните 10 години, со цел достигнување на целите кои беа договорени на последниот Самит во Ха,г односно инвестирање на 3,5% од БДП во одбранбениот буџет и дополнителни 1,5% од БДП за активности и проекти поврзани со безбедноста до 2035 година и посочи дека македонската Влада е сериозно посветена за да го оствари договореното.

„Инвестициите во одбраната стратешки се фокусирани во делот на модернизацијата, зајакнување на интероперативноста, подготвеноста и отпорноста. Остануваме целосно посветени за  да ги реализираме НАТО- целите на способности", подвлече Мисајловски.

При посетата на Соединетите Американски Држави и на стратешкиот дијалог меѓу двете земји, министерот за одбрана Владо Мисајловски оствари значајни средби во американскиот Пентагон.

Министерот Мисајловски се сретна со помошникот-секретар за меѓународни безбедносни прашања, Даниел Зимерман, при што беше потврдено дека стратешкото партнерство и билатералната соработка во областа на одбраната се на исклучително високо ниво. На средбата беше нагласена заедничката определба за понатамошно продлабочување на соработката, со цел зајакнување на регионалната и глобалната безбедност.

Во Пентагон, министерот Мисајловски оствари средба и со директорот на Агенцијата за безбедносна соработка на САД, Мајк Милер, на која беше истакната важноста за инвестирање во одбранбените капацитети, како предуслов за долгорочен развој на  безбедноста. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)





м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит





16 20

# содржина

ШТИТ | година XVIII | број 199 | мај 2026

Инфо
**Одбележан денот на Првата пешадиска бригада**.................. 6

Воена едукација
**Централна Азија – ново поле за доминација помеѓу големите сили** 14

Геополитика
**НАТО 3.0: Доктринарна рамка за стратешко созревање и регионална отпорност**........................ 16

Геополитика
**Искористување на моќта на регионалните одбранбени иницијативи: Значењето на регионалниот формат GRAZ/KREMS**........................................... 20

Воена едукација
**„Шиболет“**................................................ 22

Вооружување
**„KF-21 Boramae“ – новата генерација на борбени авиони на Јужна Кореја**.................................. 26

Воена едукација
**Квантниот суперкомпјутер „Zuchongzhi-3“ и неговото значење за современата безбедност**............................................. 32

Вооружување
**„ФН МТЛ-30“ – Футуристички фрлач на гранати за Армијата на САД**............................................................ 36

Воена историја
**Летачкиот ас и авијатичар-претходник на една нација**............ 40

Психологија
**Подготвен на тест, но неподготвен на терен**................................................ 48

Спорт
**Кирил Лазаров, селектор на Македонската ракометна репрезентација**................................. 54

Филм
**„Браќа по оружје“**.............................. 58






44 52

# КОН ОВОЈ БРОЈ

## ВОВЕД

*Овој број на списанието е посветен на значајни настани кои го одбележаа изминатиов период – започнувањето на првата сесија на стратешкиот дијалог со Соединетите Американски Држави, настан од исклучително значење за Македонија, земајќи ги предвид засилените безбедносни предизвици и динамичните геополитички процеси и промени во светот и „секако“ нашето позиционирање како можеби мал, но сериозен партнер. Одржувањето на првата сесија на стратешкиот дијалог претставува важен чекор во продлабочувањето на билатералната одбранбена соработка и унапредувањето на заедничките безбедносни цели. Активното учество на министерот за одбрана, Владо Мисајловски, на оваа висока платформа, ја потврдува посветеноста на државата кон стратешкото партнерство, модернизацијата на одбранбениот систем и усогласувањето со највисоките НАТО стандарди. Паралелно со овие дипломатско-стратешки активности, со особена гордост беа одбележани деновите на Првата пешадиска бригада и на Командата за обука и доктрини – столбови на оперативната подготвеност и професионалниот развој на Армијата. Овие единици не се само симбол на традиција и истрајност, туку и двигатели на трансформацијата, обуката и изградбата на современи воени способности. Нивниот придонес во одржувањето на борбената готовност, учеството во меѓународни мисии и развојот на човечките ресурси, е од суштинско значење за целокупниот одбранбен систем. Токму преку синергијата помеѓу стратегијата и практиката, дипломатијата и теренот, Армијата продолжува сигурно да чекори напред – како доверлив партнер, професионална сила и гарант на стабилноста и безбедноста.* ■

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

Издавачки совет
Марија Рашковска-Стефановиќ
(Претседател)

полк. Дарко Стерјовски
(Заменик претседател)

Членови:
– Иван Петрушевски
– Душко Аврамовски
– Виолета Костадинова
– Трајан Цековски
– Билјана Иванова
– Трајче Чатмов
– Анита Ѓонеска
– Марија Тренчиќ-Костески

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk

borce.lozanovski@mod.gov.mk

stanka.petkova@mod.gov.mk



# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПРВАТА ПЕШАДИСКА БРИГАДА

Со воена свеченост во касарната „Страшо Пинџур" во Петровец, Првата пешадиска бригада (1.пбр), најголемата борбена единица во составот на Командата за операции, го одбележа Денот на Бригадата. На свеченоста присуствуваа: министерот за одбрана Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменик-министерот за одбрана Адмир Шабани, заменикот на началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин, генерали во Армијата, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, пратеници од Собранието, поранешни команданти на единицата, пензионирани генерали, воени аташеи, претставници на локалната самоуправа и на Министерството за внатрешни работи и други гости.

Во рамки на свеченоста беа доделени стимулативни мерки, признанија и награди, а беше реализирано и свечено дефиле на единиците и приказ на дел од вооружувањето, возилата и опремата со кои располага Бригадата.

Министерот Мисајловски на припадниците на Првата пешадиска бригада им порача дека се дел од единица која „создава стандарди и гради критериуми" и дека „тие не следат, туку го поставуваат нивото кое се очекува од сите останати армиски припадници. „Дали станува збор за развој на интероперативноста, за заштита на државата, за поддршка на македонските граѓани при разни природни катастрофи, за учество во мировни мисии или зацврстување на колективната одбрана на Алијансата – ние секогаш прво гледаме во вас и во вашите капацитети", рече министерот. На армиските припадници им порача дека Министерството ќе продолжи да работи за уште поголем буџет, за подобрување на нивниот стандард, за подобрување на условите во коишто работат, за нова модерна опрема и за сето она што им е потребно на припадниците на Бригадата.

„Како најголема единица на тактичко ниво, Првата пешадиска бригада претставува еден од клучните столбови на Армијата, со мисија континуирано да одржува највисоко ниво на борбена готовност, во функција на одбраната на суверенитетот и територијалниот интегритет на татковината", истакна началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски.

Командантот на 1.пбр, бригаден генерал Дејан Чиплаковски, во своето обраќање даде историски осврт на единицата, истакнувајќи го значењето на минатите генерации и поранешните припадници на единицата како основа на успехот. „Да останеме верни и достојни на нашето мото, „ЧЕСТ И СИЛА" и ние, припадниците на 1.пбр, секогаш да ја имаме иднината пред себе, без притоа да заборавиме на минатото." порача во своето обраќање генералот Чиплаковски.

На денешното одбележување на Денот на 1. пбр, беа построени и војниците по договор, кои учествуваа во формирањето на единицата, на кои во знак на благодарност им беа доделени благодарници.

Со одлука на претседателот на државата, 2 Април е одреден за Ден на 1.пбр, во спомен на традицијата кога Првата пешадиска бригада е трансформирана во 1. механизирана пешадиска бригада на 2 април 2012 година. ■





# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА КОМАНДАТА ЗА ОБУКА И ДОКТРИНИ

Во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес, со воена свеченост беше одбележан Денот на Командата за обука и доктрини (КОД), ден кога во 1992 година е примен првиот регрут во редовите на Армијата.

На свеченоста, покрај министерот за одбрана Владо Мисајловски и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, присуствуваа и заменик-началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, генерали во Армијата, пензионирани генерали, поранешни команданти на КОД, претставници од Армијата, од Министерството за одбрана, од военодипломатскиот кор, локалната самоуправа, верските заедници и други гости.

Министерот за одбрана, Мисајловски, на Денот на Командата, истакна дека Командата е местото каде што се дефинира начинот на којшто Армијата учи, се развива и функционира. Тука се поставуваат основите на сите професионални припадници и додаде оти само со јасни доктрини, со квалитетна обука и со континуирано усовршување, ќе имаме функционална и подготвена армија. „Особено значајна е вашата улога во усогласувањето со НАТО стандардите“, рече министерот.

Мисајловски го спомена и армискиот полигон „Криволак“ кој, како дел од Командата, претставува еден од најважните ресурси на Армијата. Вредноста на полигонот „Криволак“ ќе се види и на претстојната вежба „Блесок 26“, на која ќе се изврши оценување на Лесната пешадиска баталјонска група.

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во своето обраќање истакна дека Командата за обука и доктрини ја надминува рамката на класична обука, спроведувајќи трансформација на цивилниот потенцијал во високо обучен, дисциплиниран и вредносно профилиран воен кадар, способен за извршување задачи во сложени и динамични оперативни средини.

Командантот на КОД, бригаден генерал Љуљзим Нуредини, истакна дека, водени од мотото „СЕКОЈА ВЕШТИНА БАРА УСОВРШУВАЊЕ“, припадниците на КОД остануваат цврсто посветени на исполнување на доделените задачи, усогласување со НАТО стандардите и континуирано унапредување на способностите на Армијата. ■








# „БЛЕСОК 26“ Потврдена борбената подготвеност на Армијата

Националната теренска тактичка вежба „БЛЕСОК 26“се реализираше во периодот од 19 до 27 април 2026 година и претставува значаен процес за сеопфатно оценување на борбената подготвеност на Лесната пешадиска баталјонска група (ЛПБГ), во согласност со стандардите за оценување на копнените команди и единици на Здружената команда за операции на НАТО.

Главните активности на вежбата се одвиваа на армискиот полигон „Криволак“, додека дел од нив се реализираа и во касарните „Јане Сандански“ – Штип, „Мирче Ацев“ – Прилеп и „Страшо Пинџур“ – Петровец. На церемонијата на отворањето присуствуваа командантот на Командата за обука и доктрини (КОД), бригадниот генерал Љулзим Нуредини и командантот на Првата пешадиска бригада (1. пбр), бригаден генерал Дејан Чиплаковски, како и претставници од Командата за операции (КО).

Во своето обраќање, директорот на вежбата, полковник Арсовски, го истакна значењето на „БЛЕСОК 26“ како клучен сегмент во процесот на оценување на нивото на борбената подготвеност на ЛПБГ.

Во реализацијата на вежбата беа ангажирани околу 1500 припадници на Армијата, како и НАТО набљудувачи од Мултинационалните копнени сили (Multinational Land Forces – MLF).

Паралелно со почетокот на вежбата, во касарните „Јане Сандански“ – Штип, „Мирче Ацев“ – Прилеп и „Страшо Пинџур“ – Петровец, започна процесот на оценување на борбената подготвеност на ЛПБГ.

Во рамки на вежбата, на полигонот „Криволак“ беа реализирани активности насочени кон извршување на тактички задачи во сложена и динамична безбедносна средина. Тие опфатија организација и функционирање на мобилни контролни точки, распоредување и дејствување од артилериски позиции, како и изведување патролни задачи и посебни тактички дејства.

Единиците на терен дејствуваа и во услови на симулиран воздушен надзор и извидување, постапувајќи во со-





гласност со стандардните оперативни процедури и применувајќи соодветни мерки за зачувување на оперативната безбедност.

ЛПБГ спроведуваше активности во услови на различни симулирани тактички дејства, при што се оценуваше нивната способност за навремено реагирање, координација и донесување одлуки во динамична средина.

Во рамки на вежбовните активности беа реализирани сценарија што опфаќаа реакции при ненадејни закани и контакт со противник, спроведување АБХО набљудување и извидување, постапување при нарушување на безбедноста на воени објекти и обиди за присилно влегување, како и давање прва помош на повредени лица.

По завршувањето на вежбата, оценувачкиот тим и НАТО мониторите констатираа дека единицата ги исполнува сите предвидени стандарди и ја оценија како „борбено подготвена за извршување на својата мисија“.

Сениор НАТО мониторот, полковник Христос Стаматиу од НАТО Корпусот за брзо распоредување – Грција (NRDC-GR), оцени дека евалуацијата на Лесната пешадиска баталјонска група била спроведена на високо професионално и компетентно ниво.

На соопштувањето на оценката присуствуваше и командантот на Првата пешадиска бригада, бригадниот генерал Дејан Чиплаковски, кој им се заблагодари на сите учесници и на НАТО мониторите за покажаниот професионализам.

Со успешно реализираното оценување, ЛПБГ ја потврди својата обученост, високата борбена подготвеност и интероперабилноста со сојузниците, што претставува значаен придонес за зајакнувањето на капацитетите на Армијата и на НАТО.

Вежбата „БЛЕСОК 26“ претставува значаен исчекор во континуираниот развој на оперативните способности на Армијата, потврдувајќи ја нејзината подготвеност, професионалност и посветеност во исполнувањето на највисоките национални и НАТО стандарди. ■





# Активности на повеќе полиња

Националната организација на резервните офицери на Албанија, на 8 април одржа свечена седница со којашто ја обележа 30-годишнината од постоењето со учество на резервни офицери од сите родови. На настанот присуствуваше заменик-министерот за одбрана, г. Љоти, заменикот на началникот на Генералштабот, бригадниот генерал Р. Мехмети, командирот на Копнените сили, генерал-мајор П. Цуни, заменик-командирот на Академијата на вооружените сили, полковник А. Гетај, како и многу други активни и пензионирани воени лица. Настанот беше отворен од страна на генералниот секретар на Националната организација на резервни офицери на Албанија, господинот Арбен Молај кој, исто така, беше и модератор на настанот. На церемонијата им беа доделени благодарници и признанија на делегациите од партнерските земји кои учествуваа на настанот. Особено значаен момент претставуваше прогласувањето на титулата „амбасадор на албанските резервни офицери во Црна Гора“, која му припадна на албанскиот припадник на Организацијата, Војин Димнаку. На овој значаен настан за Организацијата на Албанија присуствуваа и делегации од Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора и Косово, така што повторно беше демонстрирано зајакнувањето на регионалната соработка.



Во организација на Стрелачкиот клуб „Велес“ и Општинската организација на резервни офицери од Велес, на 4 април успешно се реализираше натпревар во гаѓање со воздушна пушка во просториите на Стрелачки клуб „Велес“. На натпреварот беа постигнати солидни резултати од страна на присутните стрелци-натпреварувачи, а тие, за постигнатите резултати добија благодарници за учеството, а најуспешните добија и дипломи. Првото место на натпреварот му припадна на Родољуб Настески од ОРОРСМ од Кичево, а од женската екипа, првото место и припадна на д-р Македонка Виларова од ОРОРСМ од Велес. Водени од заедничкиот интерес за развивање на стрелаштвото како спорт и вештина кај резервните офицери и кај младата популација, претседателот на ОРОРСМ Драгољуб Столески и претседателот на Стрелачки клуб „Велес“, Јован Андовски, потпишаа Меморандум за соработка за заемна помош, за развивање на заеднички интереси и делување во спроведувањето активности поврзани со стрелаштвото. После натпреварот членовите на ОРОРСМ присуствуваа, и со внимание и интерес ги проследија презентираните активности на Армијата на Република Македонија за време на настанот кој беше организиран во Градскиот парк во Велес по повод одбележувањето на 4 Април – Денот на НАТО, Денот на 1. пешадиска бригада и 15 Април – Денот на Командата за обука и доктрини. По завршувањето на настанот, припадниците на ОРОРСМ ја посетија црквата „Св. Кирил и Методиј“, а потоа следеше свечено доделување на благодарници и дипломи за најуспешните учесници на овој спортски натпревар. ■





Пишува: Тони Мицевски




# 3. Светско воено првенство во полумаратон

Минатиот месец, Македонската армиска атлетска репрезентација имаше нов забележителен настап на меѓународната спортска сцена. Имено, нашата армија беше дел од 3. Светско воено првенство во полумаратон, коешто се одржа во Анталија (Турција), од 3 до 7 април. Воениот мундијал (кој послужи и за балканско рангирање во полумаратон), се одржа во рамките на престижниот маратон „Рунталија“, на кој настапија над 10.000 тркачи. Меѓу нив беа и шесте атлетичари од АРМ: Дијана Лапевска, Христина Гиздовска, Зорка Гаштеовска, Милош Ранчиќ, Трајче Илијевски и Игор Јакимовски, кои во Анталија достојно ја претставија нашата држава. Притоа, во конкуренција на воени полумаратонци од 24 земји (Македонија, Танзанија, Русија, Турција, Италија, Перу, Бразил, Швајцарија, Шпанија, Романија, Србија, Ирска, Црна Гора, Словенија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Казахстан, Саудиска Арабија, Тунис, Бангладеш, Либан, Сирија, Албанија, Азербејџан), ги поместија и сопствените граници, што беше вистински тест за издржливост. Кога се во прашање резултатите, нова воена светска шампионка во полумаратон е Сисилија Панга од Танзанија. Таа беше најбрза од 44-те атлетичарки, откако патеката од 21 километар ја истрча за 1 час 9 минути и 25 секунди. Од македонските претставнички, Дијана Лапевска низ целта мина како 38., Христина Гиздовска заврши на 40-тото место, а Зорка Гаштеовска остана без пласман. Во машка конкуренција, пак, од 76-те маратонци, прв низ целта мина Али Каиа од Турција. Тој, до титулата воен светски првак во полумаратон стигна со време од 1 час и 59 секунди. Меѓу македонските маратонци најдобар пласман имаше Милош Ранчиќ. Тој го освои 52. место, Трајче Илијевски беше 61., додека Игор Јакимовски заврши на 66-тата позиција. ■





# Иран 2026: Регионалниот конфликт како катализатор на глобалните безбедносни ризици (1)



Пишува: д-р Ненад Танески

На 28 февруари 2026 година, САД и Израел започнаа координирана воена кампања против клучни стратешки цели во Иран. Конфликтот се интензивира од 8 март 2026 година преку континуирани ракетни напади и употреба на беспилотни летала, опфаќајќи го поширокиот регион. Паралелно, Иран возврати преку таргетирање на американски и израелски цели од интерес, додека Израел ја продолжи својата кампања во Либан против Хезболах. Дополнително, повеќе насилни недржавни актери и терористички организации започнаа активности во поддршка на Иран. Актуелната кампања ја зголеми политичката нестабилност и создаде сериозни безбедносни предизвици во регионален и глобален контекст.

Во услови на меѓудржавен конфликт, особено со држава која користи прокси-актери, како Иран, се јавуваат предвидливи форми на ескалација на терористички активности, кои се насочени кон постигнување максимално влијание врз политичките и воените цели на противникот, користејќи активности кои предизвикуваат страв, нарушување на стабилноста и слабеење на воените капацитети, при минимален ризик за директна конвенционална конфронтација, вклучувајќи активирање на заспани ќелии. Иран традиционално користи мрежа на недржавни актери за асиметрично дејствување, вклучително и Хезболах, Хамас и други вооружени групи. Во актуелниот контекст, овие актери претставуваат инструмент за проекција на моќ и одмазднички активности, овозможувајќи избегнување на директна конвенционална конфронтација и намалување на видливите последици за државата покровител.

Дополнително, постои реална закана од активирање на заспани ќелии, кои се структури поддржани или инспирирани од надворешни актери, а чија активност може да биде предизвикана во критични моменти на ескалација. Тие претставуваат висок степен на опасност бидејќи нивното присуство и потенцијал за дејствување е тешко за откривање, а нивните акции често се ненадејни напади, саботажи или други форми на асиметрично и хибридно дејствување. Присуството на овие заспани ќелии ја отежнува проценката на безбедносната средина, го комплици-

ра процесот на рано предупредување и превенција и бара континуирана координација помеѓу разузнавачко-безбедносните служби.

Покрај непосредните закани, значајно место во безбедносната анализа заземаат латентните ризици поврзани со потенцијална дестабилизација на Иран. Латентните структурни слабости и комплексната внатрешна динамика на државата создаваат можност за активности кои, во критични политички или безбедносни моменти, можат да резултираат со асиметрични напади со значителен политички, симболичен и стратегиски ефект.

Историјата на Авганистан и Ирак ја демонстрира појавата на институционален вакуум како катализатор за раст на терористичките организации. Дополнително, конструираниот наратив на маченииштво и потенцијалната елиминација на врховниот лидер може да послужи како инструмент за радикализација и регрутација, создавајќи дополнителни услови за активности кои значително ја комплицираат безбедносната архитектура и го отежнуваат процесот на рано предупредување и превенција.

Иран долгорочно воспоставува, одржува и унапредува комплексна мрежа на насилни недржавни актери на Блискиот Исток, преку обезбедување финансиска, логистичка и оперативна поддршка, при што централна улога има Корпусот на Исламската револуционерна гарда. Високорангирани претставници на оваа структура дејствуваат во Сирија, Либан и други држави, со цел координација, обука и стратешко насочување на групи како Хезболах и Хамас.

По настаните од 7 октомври 2023 година и последователниот конфликт, оперативните капацитети на овие организации се делумно деградирани, но нивниот потенцијал за дејствување останува релевантен, што се потврдува преку континуираните асиметрични активности. Паралелно, динамичните политички промени во регионот придонесуваат кон ограничување на логистичките и оперативните можности на Иран, без притоа суштински да ја неутрализираат неговата способност за проекција на влијание.

Во исто време, други компоненти на т.н. „Оска на отпорот", како Хутите во Јемен, Народните мобилизациски сили и Исламскиот отпор во Ирак, остануваат значајни инструменти за индиректно проектирање на моќ, овозможувајќи одржување на стратегиска присутност и влијание во поширокиот регионален безбедносен простор. Во овој контекст, заканите за поморскиот сообраќај во Ормутскиот теснец претставуваат еден од клучните елементи на регионалната безбедносна динамика, имајќи ја предвид неговата исклучителна геостратегиска важност како тесно грло преку кое поминува значителен дел од светските енергетски текови. Контролата или дестабилизацијата на овој поморски коридор овозможува асиметрична проекција на моќ, при што дури и ограничени операции можат да предизвикаат диспропорционално големи економски и политички последици на глобално ниво.

Од стратешка перспектива, потенцијалните активности во овој простор не мора да бидат насочени кон целосна блокада, туку кон создавање перманентна несигурност преку инцидентни напади врз трговски бродови, минирање на поморски рути или воени маневри. Ваквиот пристап овозможува одржување на континуиран притисок врз меѓународните актери, зголемување на трошоците за транспорт и осигурување, како и нарушување на стабилноста на енергетските пазари, без ескалација во отворен конвенционален конфликт.

Дополнително, ваквите дејства имаат значајна психолошка и политичка димензија, бидејќи ја демонстрираат способноста за влијание врз критичната инфраструктура и глобалните трговски текови. Во тој контекст, Ормутскиот Теснец се појавува не само како географска, туку и како стратегиска точка на притисок, преку која може да се остварува индиректно влијание врз одлуките на државите зависни од енергетски увоз, како и врз пошироката безбедносна архитектура.

Паралелно со тоа, заканите во Црвеното Море дополнително ја усложнуваат регионалната безбедносна состојба, создавајќи кумулативен ефект врз глобалните трговски и енергетски текови. Во Ирак, пак, сложената интеракција меѓу формалните државни институции и паралелните вооружени структури генерира услови за потенцијална ескалација на насилство, институционална ерозија и индиректно зајакнување на екстремистички актери, вклучително и Исламската држава.

Современите безбедносни трендови укажуваат на засилена инструментализација на транснационални криминални мрежи од страна на Иран како средство за спроведување таргетирано насилство надвор од сопствената територија, особено во Европа. По ескалацијата на конфликтот во октомври 2023 година, а особено по започнувањето на отворениот воен конфликт на 28 февруари 2026 година, се забележува значително интензивирање на ваквите активности и нивна еволуција кон поагресивен и координиран модел.






# ЦЕНТРАЛНА АЗИЈА – НОВО ПОЛЕ ЗА ДОМИНАЦИЈА ПОМЕЃУ ГОЛЕМИТЕ СИЛИ



Пишува: д-р Златко Кузманов

Сведоци сме дека во глобалната политика, униполарноста и влијанието на САД како единствена суперсила, постепено се загрозува. САД се борат да останат моќни, но односите во светот се движат кон мултиполарност, каде регионалните и глобалните сили ги конфронтираат и балансираат нивните влијаниа. Во такви конкурентни глобални односи, регионот кој сè повеќе добива на значење, е секако и Централна Азија. Ова е регион во средиштето на Евроазија (срцето на Евроазија), кој обично опфаќа пет држави кои произлегоа од распадот на Советскиот Сојуз. Тоа се Казахстан, Узбекистан, Киргистан, Таџикистан и Туркменистан. Понекогаш во овој регион, на неговите јужни граници, се вклучува и Авганистан, но пореално е тој да биде опфатен со поимот „Поширока Централна Азија". Регионот на Централна Азија е многу важен од геополитички, економски и културен аспект. Тој е клучен транзитен регион, бидејќи се наоѓа помеѓу Европа, Русија, Кина и Блискиот Исток. За Кина е исклучително важен, бидејќи преку него поминуваат копнените патишта од иницијативата „Појас и пат" и врските кон Европа. Овој регион е важен за Европа, бидејќи може да се користи како алтернативен транспортен коридор, за да ја заобиколи Русија. За САД е важен, бидејќи може да и послужи да го ограничи влијанието на Кина и на Русија. Секако, за Русија е од стратешка важност и има клучно безбедносно значење како тампон-зона и рана контрола на заканите кон јужните граници на Русија. Стратешката позиција помеѓу големите сили, на овој регион му дава и важна политичка и дипломатска улога.

Државите од Централна Азија, како да ги применуваат „научените лекции" за тоа како е најдобро да се балансира помеѓу големите сили, со цел да се заштитат сопствените национални интереси и често водат „мултивекторска политика", политика на одржување на избалансирани

односи и со Русија, но и со Кина, со САД и со ЕУ. Вешто го користат фактот што регионот е поле на натпревар помеѓу Русија, Кина и Западот, за да си обезбедат економски развој, поголеми инвестиции и унапредување на соработката во регионот. Политичкото балансирање се гледа и преку членството во различни регионални и меѓународни политички, економски и безбедносни организации. Такви организации се: Организацијата на Договорот за колективна безбедност (ОДКБ), воен сојуз составен од шест постсоветски републики (Русија, Белорусија, Ерменија, Казахстан, Киргистан и Таџикистан); Шангајската организација за соработка (ШОС) или „Шангајската петорка", формирана од: Кина, Русија, Казахстан, Киргистан, Таџикистан, а дополнително се приклучил и Узбекистан. На безбедносен план, државите од Централна Азија водат мудра политика за намалување на зависноста од Русија, без потези со кои би ја испровоцирале Русија, бидејќи им е јасно колку овој регион е значаен за Русија, заради близината на Авганистан и за борбата против тероризмот, екстремизмот и нелегалната трговија со дрога и вооружување. Во дел од државите, Русија сè уште има и свои воени бази и инсталации. На пример, во Таџикистан и во Киргистан, додека во Казахстан се наоѓа нејзиниот Космодор Бајконур, како и радарска станица и полигон за тестирање на балистички ракети. Може да се каже дека Централна Азија има клучно безбедносно значење за Русија, бидејќи служи како тампон-зона со воено присуство и за рана контрола на заканите кон нејзините јужни граници. Од тие причини, државите од Централна Азија остваруваат умерена соработка на безбедносен план со други големи држави или сојузи. Така, речиси сите партиципираат во НАТО иницијативата „Партнерството за мир", освен Туркменистан, кој се определил да води неутрална политика. Исто така, значајно е да се каже дека за време на НАТО мисиите во Авганистан, на САД им било дозволено за логистички потреби да ги користи воените авиобази во Таџикистан и во Узбекистан.

Покрај геостратегиската важност и значење, регионот на Централна Азија има и значителни економски предности. Тоа пред сè, се гледа преку енергенсите, нафтата, гасот, рудните богатства и металите. Преку регионот поминуваат клучните цевководи за транспорт на нафта и гас кон Европа и Азија. Централна Азија има до 10% од светските резерви на природен гас или околу 15-20 трилиони метри кубни гас. Најголемите резерви се во Туркменистан, над 13 трилиони м3, има значајни резерви во Казахстан и умерени резерви во Узбекистан. Исто така, Централна Азија располага со приближно 3% од светските резерви на нафта или околу 40 милијарди барели нафта. Најголемите резерви во регионот се во Казахстан, од околу 30 милијарди барели, но значајни резерви има и во Туркменистан и Узбекистан. Државите од Централна Азија имаат и значителни рудни богатства и благородни метали. Казахстан поседува најголеми резерви на ураниум, олово и цинк, трет е по резерви на манган, петти се по резерви на бакар, поседува резерви на злато од 294 тони итн. Узбекситан е 10-тата земја во светот по производство на злато (околу 130 тона), која поседува 371 тон злато. Таџикистан е голем производител на алуминиум. Киргистан има резерви на злато, жива и ураниум. Ваквите капацитети им ја зголемуваат улогата во снабдувањето на пазарите во Европа и Азија. Во делот на економијата и миграцијата, значајно е да истакнеме дека од државите од Централна Азија има голем број на економски мигранти кои работат во Русија. Процената е дека во Русија работат од 4 до 5 милиони економски мигранти од Централна Азија, пред сè во градежништвото, услугите и земјоделството, што претставува еден од најголемите миграциски текови и е клучен фактор за руската економија, но и за економиите на државите од каде доаѓаат тие работници. Економиите на државите од Централна Азија, како наследство од советската ера, традиционално беа поврзани со Русија. Од тие причини се отвораат забрзано и кон нови држави но, сепак, одржуваат интензивна економска соработка и со Русија. Таков е примерот со Узбекистан кој, исто така, има интензивна економска соработка и со Кина, но се отвораат вратите и можностите за економска соработка и со ЕУ и со САД. Таџикистан и понатаму одржува најголеми економски врски со Русија, а Кина е на второто место. За Таџикистан е интересно да се нагласи дека има стратегиски врски со Иран и овие држави се сметаат како „една душа во две тела". Киргистан има најинтензивна економска соработка со Русија, а последните години се зголемуваат и инвестициите од Кина. Туркменистан веќе има најголема економска соработка со Кина, но ја зголемува соработката со ЕУ, со Јапонија и со Иран. Искуството на Казахстан е поинакво. Тие веќе имаат најголема економска размена со ЕУ, додека Кина е на второто место. Можеме да констатираме дека, покрај воспоставените и наследени економски врски од времето со СССР, во последнава декада значителен економски пробив во овој регион направи Кина, пред сè преку инвестиции во коридорите, железницата, патиштата, енергетската инфрастуктура и наоѓалиштата на руда. Исто така, последниве години се интензивира понудата за економска соработка, инвестиции, трговија и развојна помош од ЕУ и од САД.

Може да се константира дека интензивно е започнат натпреварот помеѓу големите сили, за тоа кој ќе оствари поголемо економско и дипломатско влијание во државите од Централна Азија. Доминацијата на Русија во Централна Азија не е исчезната, но сериозно е предизвикана од Кина преку инвестиции, од САД преку безбедносна, политичка и економска соработка и од ЕУ преку реформи, трговија, инфрастуктура и развојна помош. Доминацијата се заменува со конкуренција. Очигледно е дека овој регион се движи кон повеќеполарен модел во кој државите од Регионот внимателно балансираат меѓу големите сили, со цел да ги заштитат сопствените национални интереси. ■



# НАТО 3.0: Доктринарна рамка за стратешко созревање и регионална отпорност

**1. Стратешки пресврт: Од безбедносен комфор кон присилна матурација**

Трансатлантските односи влегуваат во деценија на „присилна матурација", процес во кој геополитичкиот реализам ги диктира условите на опстанок. Оперативниот модел на НАТО, кој доминираше во последните три децении, е заснован на асиметрична одговорност и на европски безбедносен консумериза и веќе е стратешки исцрпен. Актуелните притисоци на мултиполарниот свет наметнуваат итно редефинирање на улогите помеѓу САД и Европа. Овој пресврт не претставува американско повлекување, туку стратешка рекалибрација: премин од САД како „структурна патерица" кон САД како „стратешка поддршка" (strategic support).



Доктринарниот императив на оваа ера е градењето на „партнерства, а не на зависности". Европа повеќе не може да ја екстернализира својата територијална одбрана, таа мора да стане примарен конвенционален бранител на континентот преку стратегија на „одвраќање преку негирање" (deterrence by denial). Оваа еволуција не е само политичка волја, туку историска корекција на патот кон целосна оперативна зрелост.

**2. Периодизација на Алијансата: Еволутивниот пат до НАТО 3.0**

НАТО 3.0 претставува враќање кон изворниот реализам, приспособен на комплексноста на 21 век. Претходната фаза беше дефинирана со „униполарниот момент" и со надворешните територијални операцииж. Новата ера се фокусира на индустриската отпорност и високата борбена подготвеност за конфликти со висок интензитет.

| Фаза | Ера | Карактеристики | Примарен безбедносен ризик |
|---|---|---|---|
| НАТО 1.0 | Студена војна | Цврст реализам, јасна распределба на одговорноста, статично одвраќање. | СССР / Нуклеарна ескалација. |
| НАТО 2.0 | Униполарен момент | Проширување, „out-of-area" мисии, европско разоружување, структурна зависност. | Регионална нестабилност / Тероризам. |
| НАТО 3.0 | Мултиполарен реализам | Европа како примарен конвенционален бранител, индустриска отпорност, ARF капацитети. | Конфликт со висок интензитет со рамноправен конкурент. |

Пишува: Александар Петровски

Овој премин радикално ги менува критериумите за релевантност: во НАТО 3.0, тежината на една членка не се мери според симболиката на членството, туку според реалниот придонес кон колективната безбедносна архитектура.



### 3. Фискална архитектура на новата доктрина: Заложбата од 5% од БДП

На Самитот во Хаг (2025), Алијансата го трансформираше досегашниот политички индикатор (2%) во перформансен договор (performance-based capability contract) кој налага инвестирање на 5% од БДП до 2035 година. Оваа нова фискална архитектура е поделена на две функционални ленти:

- Јадро на одбраната (минимум 3,5%): Ресурси строго наменети за исполнување на целите за способност на НАТО, набавка на современо вооружување и пополнување на залихите на муниција за потребите на колективната одбрана.
- Отпорност и иновации (до 1,5%): Овој сегмент е насочен кон општествено зајакнување (societal hardening). Тука спаѓаат заштитата на критичната инфраструктура, сајбер одбраната, цивилната подготвеност во согласност со Членот 3 и зајакнувањето на домашната индустриска база.

Овој фискален праг е директен одговор на ерозијата на европските воени залихи и потребата за итна модернизација на Источното крило.




### 4. Импликации за Источниот блок: Од симболизам кон реална моќ

Во доктрината НАТО 3.0, безбедноста престанува да биде „увозен производ". Источното крило, вклучувајќи ги балканските членки, презема директна одговорност за регионалната стабилност. Релевантноста на овие земји сега се потпира на три столба:

1. Оперативна одговорност: Целосна интеграција на територијалната одбрана во воените планови на Алијансата, со фокус на сили со висок интензитет наместо симболично „трипваер" присуство.
2. Индустриска отпорност: Развој на домашни капацитети за одржување и производство на муниција, што се третира како примарен безбедносен имот.
3. Логистичка мобилност: Обезбедување на непречени коридори за брзо засилување на силите во кризни ситуации. ■



# ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ ОФИЦЕРИТЕ И ПОДОФИЦЕРИТЕ: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛИДЕРСТВОТО

## Професионален развој и споделена одговорност



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Ефективноста на секоја современа воена организација во голема мера зависи од квалитетот на односите помеѓу офицерскиот и подофицерскиот кор. Овој однос не претставува само формална хиерархија на чинови, туку професионално партнерство засновано на доверба, компетентност и јасно дефинирани одговорности. Кога ваквиот однос е правилно воспоставен и развиен, соработката помеѓу офицерите и подофицерите станува столб на борбената готовност, дисциплината и способноста на единицата успешно да ја реализира својата мисија.

### Зајакнување на улогата на подофицерите (Empowering)

Зајакнувањето на улогата на подофицерите не значи намалување на авторитетот на офицерите. Напротив, професионален и компетентен подофицерски кор директно ја зајакнува позицијата на офицерот во единицата, овозможувајќи неговите одлуки и намерата на командантот да бидат правилно разбрани и ефикасно реализирани на сите нивоа.

Во повеќето современи армии, офицерите и подофицерите имаат „комплементарни улоги" во системот на командување и лидерство. Офицерите се првенствено одговорни за командување, планирање и насочување на операциите. Нивната улога е насочена кон анализа на оперативното опкружување, дефинирање на целите и создавање на услови за успешна реализација на задачите. Тоа подразбира управување со ресурсите, планирање на обуката, како и обезбедување на соодветно ниво на готовност на единицата.

Од друга страна, подофицерите претставуваат клучен фактор во трансформирањето на плановите и насоките на командантот во конкретни активности на терен. Тие се одговорни за секојдневното функционирање на единицата, одржувањето на дисциплината и директната обука и развој на војниците. Додека офицерите се фокусираат на поширокота оперативна слика и идните задачи, подофицерите се концентрирани на војникот како индивидуа и на непосредното извршување на задачите на ниво на тим, одделение или вод.

Во таа смисла, често се истакнува принципот дека „офицерите ги

создаваат условите", додека „подофицерите ја реализираат задачата". Офицерите обезбедуваат време, ресурси и приоритети за обука и извршување на задачите, додека подофицерите ги користат тие услови за да изградат обучени, дисциплинирани и мотивирани војници. Кога овој систем функционира правилно, се создава синергија помеѓу планирањето и извршувањето, што резултира со значително повисока ефикасност на единицата. Во овој контекст, „зајакнувањето и овластувањето на подофицерите" претставува суштински елемент на современото воено лидерство. Кога подофицерите добиваат соодветна доверба и одговорност тие стануваат поиницијативни, поодговорни и поангажирани во реализацијата на мисијата. Подофицерот кој ја има довербата на командирот и војниците е способен навремено да идентификува проблеми, да предлага решенија и да носи одлуки на најниското можно ниво, што е особено важно во динамични и сложени оперативни услови.

Истовремено, силен и професионален подофицерски кор значително ја зајакнува позицијата на офицерот како командир/командант. Офицерот кој располага со искусни и компетентни подофицери може со поголема сигурност да се фокусира на оперативното планирање, анализата на ситуацијата и донесувањето на одлуки. Тој знае дека дисциплината, стандардите и индивидуалната подготвеност на војниците се одржуваат на високо ниво преку професионалната работа на подофицерите.

## Систем на професионално воено образование на подофицерите

Кохезијата офицер-подофицер може да функционира само доколку постои „квалитетен и системски развиен систем на професионално воено образование за подофицерите". Современите операции се карактеризираат со висока комплексност, употреба на напредни технологии, интеграција на различни родови и служби, како и соочување со нови



форми на конфликт, вклучувајќи сајбер и хибридни закани. Во такви услови, подофицерите мора да поседуваат не само техничка експертиза, туку и развиени лидерски способности, аналитичко размислување и познавање на воената доктрина.

Системот на професионално воено образование треба да обезбеди „континуиран развој на подофицерите во текот на нивната кариера". Од млади лидери кои раководат со мали тимови, до подофицери кои советуваат команданти на баталјонско и бригадно ниво, образованието и обуката мора постепено да ги подготвуваат за преземање на сè поголеми одговорности. Посебен акцент треба да се стави на развојот на лидерството, тактичката компетентност, комуникациските вештини и способноста за менторство и развој на помладите припадници.

## Споделена одговорност, столб на успехот

Важен аспект на односот помеѓу офицерите и подофицерите е „споделената одговорност за успехот на мисијата". Иако офицерот ја носи крајната командна одговорност, подофицерите мора да бидат подготвени да донесуваат одлуки во рамките на својата надлежност. Во динамично оперативно опкружување, каде ситуацијата може брзо да се промени, често не постои време за детални насоки. Затоа, подофицерите треба да бидат способни да дејствуваат во согласност со намерата на командантот и крајната цел на мисијата, користејќи го своето искуство, знаење и процена што, всушност, е и основата на концептот „mission command".

Основата на ваквиот однос е „меѓусебната доверба". Офицерите мора да имаат изградена доверба во нивните подофицери дека постапуваат професионално и одговорно, додека подофицерите мора да бидат сигурни дека нивната иницијатива и професионална процена ќе бидат поддржани. Оваа доверба се гради преку конзистентна професионалност, јасна комуникација и заедничка посветеност на задачата.

Во крајна линија, силата на секоја воена единица произлегува од рамнотежата и синергијата помеѓу офицерскиот и подофицерскиот кор. Офицерите обезбедуваат визија, насока и командување, додека подофицерите гарантираат дисциплина, обука и ефикасна реализација на задачите. Кога овие улоги се јасно разбрани единицата станува покохезивна, поефикасна и подобро подготвена за исполнување на својата мисија.

Развојот на силен, професионален и овластен подофицерски кор не претставува алтернатива на офицерското лидерство, туку негово суштинско зајакнување. Само преку вакво партнерство намерата на командантот може да се претвори во дисциплинирана и координирана акција на сите нивоа на единицата, што претставува предуслов за успех на современото бојно поле. ■



# Регионалниот формат GRAZ/KREMS

# Искористување на моќта на регионалните одбранбени иницијативи



Пишува: Габријела Ѓорѓевиќ

Форматот GRAZ/KREMS е регионална иницијатива за одбранбена и безбедносна соработка иницирана од Министерството за одбрана на Австрија, со цел да се поттикне политички дијалог и практична соработка помеѓу земјите од Западен Балкан и Австрија. Името потекнува од градовите Грац и Кремс Андер Донау, каде што биле организирани првите министерски средби. Форматот има неформален карактер и функционира како платформа за политички дијалог помеѓу министрите за одбрана, регионалната безбедносна координација и за експертска и образовна соработка. Во Форматот учествуваат Австрија, Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Главниот фокус е градење доверба, стабилност и одбранбена соработка во регионот на Западен Балкан.

Форматот GRAZ/KREMS претставува флексибилен и политички значаен механизам за регионална одбранбена координација, којшто влијае врз пошироките европски безбедносни процеси. За нас, форматот има индиректна, но стратегиски релевантна вредност што резултира со:

- политички дијалог и заеднички разбирања за безбедносните предизвици, вклучувајќи регионални безбедносни прашања.
- зајакнување на соработката помеѓу министерствата за одбрана, како дел од пристапот кон евроатлантските интеграциски процеси.
- промовирање на регионална стабилност преку формати на дијалог, што потенцијално може да придонесе кон други соработки (на пр. заеднички обуки и развој на капацитети).

На 14 септември 2021 година во градот Кремс Андер Донау се одржа првиот министерски состанок во рамките на форматот „Graz ", на кој присуствуваа министерот за одбрана на Австрија и министрите на земјите од Западен Балкан, вклучително и ние, со цел зајакнување на регионалниот дијалог за одбрана и соработка во области од заеднички интерес. На

овој состанок беа разменети ставови за можностите за регионална соработка, „Циклус на компетентност“ (Circle of Competence), како и дијалог за идни активности кои ја зајакнуваат улогата на земјите од Западен Балкан во евроатлантската безбедносна архитектура. На состанокот беше потпишана и Заедничка декларација за зајакната соработка. Од Декларацијата произлегува и годишното потпишување на Регионалниот план за соработка кој не е обврзувачки, туку во него се наведени активности од земјите од Западен Балкан и Австрија, кои се реализираат преку покана и доколку се искаже потреба од реализација.
Форматот има пошироко геополитичко значење, бидејќи се вклопува во стратегијата на Австрија за поголема ангажираност во Западен Балкан. Главните геополитички функции на Форматот се поддршка на стабилноста на Западен Балкан преку редовен дијалог кој помага во намалувањето на безбедносните тензии и во зајакнувањето на довербата меѓу одбранбените институции, платформата за усогласување со европските стандарди, каде форматот помага земјите од Регионот да ги доближат своите политики кон европската безбедносна рамка, механизам за одбранбена дипломатија кој служи како дополнителен канал за политичка комуникација надвор од формалните институционални структури, што претставува мост помеѓу ЕУ и Западен Балкан, каде Австрија преку Форматот се позиционира како посредник меѓу европските институции и земјите од Регионот.
Доколку го споредиме со други регионални одбранбени формати, „Central European Defence Cooperation“ (CEDC) и „Adriatic Charter (A5)“, GRAZ/KREMS е од неформален карактер, каде главниот фокус е политичкиот дијалог и образованието, во што учествуваат само Австрија и земјите од Западен Балкан. Клучната разлика е во фокусот, каде CEDC е полуинситуционализиран и ориентиран кон оперативна соработка и политики на ЕУ, додека А5 е ориентиран на НАТО интеграцијата и воената интероперабилност.
Стратешките придобивки кои се важни за нас се политичкото позиционирање во регионалната безбедност преку учеството во Форматот, што овозможува нашата земја да биде дел од регионалниот безбедносен дијалог и да ги промовира своите интереси. Форматот обезбедува директна комуникација со министрите за одбрана од Регионот, што придонесува за градење доверба, решавање регионални безбедносни прашања и развој на нови партнерства, со цел подобрување на одбранбената дипломатија. Една од најконкретните придобивки се регионалните програми за лидерство и образование кои овозможуваат обука на офицери, стратешко образование и размена на експерти. Покрај ова, Форматот создава основа за военообразовна соработка, за експертска поддршка и за институционална размена, со цел зајакнување на билатералната соработка со Австрија. Иако нашата земја е членка на НАТО, Форматот придонесува за подобра интеграција во европските безбедносни процеси и за усогласување со политиките на ЕУ во одбраната, како поддршка на европската безбедносна интеграција.
И покрај неговата политичка вредност, Форматот има и одредени ограничувања. Австрија ги користи сите состаноци во формат „CEDC+Western Balkan“, без разлика кој е претседавач за организирање состанок на маргините во формат GRAZ/KREMS. Посебни состаноци не се организираат Во овој формат не се организираат посебни состаноци, освен кога Австрија претседава со CEDC. На последниот состанок „CEDC+ Western Balkan“, на ниво на директори за одбранбена политика кој се одржа во Порторож во март 2026 година, беше организиран и состанок во формат GRAZ/KREMS. На состанокот, ставот на нашата земја беше да се препознае потребата од институционализирање на оваа иницијатива и да се одржуваат посебни состаноци во овој формат, со цел да им се даде поголемо значење и за да се прошири соработката под водство на Австрија со земјите од Западен Балкан.
Сето ова укажува дека во моментов не постои институционална структура и нема потреба да се премине на следното ниво преку редовен календар на состаноци, заеднички оперативни проекти и намалување на зависноста на иницијативата од страна на Австрија. Поради тоа, сè додека не дојде до формално инситуционализирање, влијанието на оваа иницијатива ќе остане да биде повеќе политичко отколку оперативно. ■








# „ШИБОЛЕТ“

Пишува: Виктор Крстевски

***„Сето војување се заснова на измама“ – Сун Цу***

**Уметноста на војувањето (Почетни процени)**

Перфидноста во војувањето секогаш се состоела од користење на измама и интриги како темна страна, односно она што се нарекува воено лукавство, каде што на еден подмолен начин треба да се надмудри непријателот преку пласирање на лажни информации на начини кои не се својствени за етичноста во војувањето. Военото лукавство е општоприфатена и посакувана способност за тактичко или стратегиско надмудрување помеѓу непријателите, за разлика од перфидноста која од воен аспект е неморален, неетички, а во многу случаи и нехуман начин на залажување на непријателот (отворање оган после истакнување на бело знаме како општо прифатен сигнал за предавање или за отворање на оган од војници кои се маскирани во видливо обележан медицински персонал заштитен со Првата.женевска конвенција).

Војничкиот „шиболет“ има задача на терен или на боиштето, преку претходно договорени знаци, вербални (гласовни) или невербални (сигнали) да овозможи меѓусебно распознавање помеѓу сопствените и пријателските војници и единици и нивно разликување од непријателот кој се обидува да изврши инфилтрирање или при случајно пресретнување со него, како и препознавање на етничка или национална припадност на воени заробеници. Терминот „шиболет“ потекнува од хебрејскиот јазик (שִׁבֹּלֶת — shibbólet), термин што претставува јазичен тест за препознавање на поединците и нивната припадност кон одредена група. Терминот за првпат се среќава во Библијата (Книга на судии, 12:5–6): „Галаадците ги заседоа премините преку Јордан кон Ефрема и, кога некој од Ефремовците, кои побегнале ќе речеше: Дозволете ми да преминам, галаадските луѓе го прашуваа: Да не си Ефремовец?‘ Ако тој одговореше: ‚Не сум‘, тогаш му велеа: ‚Па кажи тогаш: Шиболет, а тој велеше ‚Сиболет‘“.

Денес, терминот „шиболет“ е со многу поширoко значење за разлика од порано па, така, освен гласовни зборови како кодови за распознавање, се користат и најразлични ознаки, симболи, гестови или начини на постапување и однесување. Во современото војување најчесто користени видови на „шиболети“ се следниве:

- **Јазични кодови** – преставуваат договорени знаци за распознавање преку изговарање на зборови кои изговорени одделно, имаат значење само за лицата кои ги користат. Најпознати гласовни шиболети кои денес се користат се:
  - Одзив и лозинка (Challenge and Password), договорени зборови за меѓусебно распознавање помеѓу лицата коишто ги користат.
  - **Трчечка лозинка** (Running Password)

се користи при преминување преку пријателски линии (позиции), каде што поради одредени услови на намалена визуелна видливост, војникот во движење (трчање), постојано го извикува договорениот збор за распознавање со број до него ( на пример: „гром 4, гром 4, гром 4“...), со цел да го најави неговото доближување како пријателски војник за да се избегне пријателски оган (Friendly fire). Договорениот збор означува пријателски војник, а бројот до зборот ја означува бројката на пријателски војници коишто се доближуваат.

- **Код на неделата** (Code of the weak), или парола, претставува договорен збор за распознавање, со важност најчесто од еден ден до една седмица, кој им овозможува на војниците и на единиците влез во кој било пријателски очекувачки реон, логор или база во целата зона на операции.
- **Систем на броеви** (Number System Password) кои можат да ги користат групи и се поделени на непарни или на парни броеви кои, споени заедно, го даваат договорениот количник.
- **Јазични стапици** се специфични зборови кои се карактеристични за јазикот на еден народ, кои според нивната фонетика се тешки за учење, за изговарање или за имитација на други соседни народи со сличен јазик или обучени поединци-инфилтратори. За време на Втората светска војна Американците на Пацификот го користеле зборот „Lollapalooza", затоа што јапонските војници имале потешкотии со изговорот на буквата „L“. Денес, во Руско-украинската војна, специфичен збор за јазична стапица е украинскиот збор „паљаница“ (Паляниця – традиционален украински леб). Иако рускиот и украинскиот јазик се мошне слични, Русите не можат правилно да го изговорат овој збор. Во македонскиот јазик специфични зборови кои им се тешки за изговарање на оние на кои македонскиот не им е мајчин јазик се зборовите кои ги содржат буквите ѓ, ѕ, ч, њ и ќ

- Таен говор (сленг, англиски slang), е вид жаргонски говор што го разбираат само одредени етнички, национални или социјални групи. На нашите простори и во соседството, најпознати вакви говори се кривопаланечкиот говор, форничкиот говор, прилепскиот еснафски говор, српскиот или белградскиот шатровачки говор кај кои се менуваат местата на првите два слога (пушка-капуш; бомба-бабом). Ваквиот таен говор се користел и за време на Втората светска војна од страна на американската војска, која при радиокомуникација го користела јазикот на Индијанците-Навахо (Navajo Code Talkers), прикажано во воениот филм „Wind Talkers“ или користење на ромскиот јазик од страна на војската на бивша Југославија при радиокомуникација за време на кризата на Косово во 1999 година.
- **Специфични начини на однесување** – овие начини се состојат од договорени начини на однесување во конкретна ситуација, како конкретен начин на меѓусебно распознавање. На пример, за време на Втората светска војна Германците, кои биле распоредени на Источниот фронт, при јадење, лажицата ја држеле во левата рака. Британците го поздравувале претпоставениот старешина со два испружени прста додека претпоставениот отпоздравувал со класичен воен поздрав. Партизаните од НОБ поздравувале и отпоздравувале со прстите стиснати во тупаница.
- **Специфични начини на означување (обележување) на војниците** распоредени во зоната на операции поради брзо визуелно распознавање, особено кога одредени единици извршуваат задачи во цивилна облека помеѓу локалното население како, на пример, ОДА-тимовите (ODA-Operational Detachment Alpha) на американските „Зелени беретки“. Примери за некои начини на обележување: специфичен начин на врзување на војничките чизми или обувки, носење на видливо место на јаженце на патентот од облеката или на ранецот за полесно отворање (Zipper Pull), врзан во посебен јазол кој тешко може да се имитира (најчесто користени јазли се „diamond knot “ и „snake knot“), носење на немилитаристички лепенки (patch) на местата за носење на ознаките за припадност на единицата или лепенки закачени на цивилна облека (на пример лепенки со специфично значење се Дедо Мраз-воин, панда-воин, спартански шлем итн.)

- „IR Strobe“, „глинт ленти“ (Glint Tape), „мачкини очи“ (Cat Eyes) се модерен „шиболет“ за препознавање и најчесто се носат на шлемот или како ленти или лепенки на ракавите кои испуштаат невидлива инфрацрвена светлина која може да се види само со уреди за ноќно набљудување (ноќни визири).





## Заклучок

„Шиболетот“ како таен код сè уште претставува ефикасен „филтер“ за идентификување на пријателите и сојузниците, како и за откривање на инфилтрирани непријателски војници во воени зони и во други социјални средини. ■



# ДЕМИТАЛИЗИРАНИ ЗЕМЈИ

Постојат држави во светот кои немаат сопствена армија (демитализирани земји). Наместо армија (војска), овие држави се потпираат на полицијата, на меѓународни диговори или, пак, на заштита од други држави. Тие се суверени земји коишто немаат класична армија. Но, доколку овде се вклучат и територии/зависни области, бројката расте на околу 40-тина земји.
Најприфатената „официјална група“ се следниве држави во светот:

## Костарика

Според Уставот на оваа земја, војската е забранета уште од 1948 година. Денес Костарика има само полиција и се смета за една од најстабилните демократии во Латинска Америка. Оваа земја е домаќин на Универзитетот за мир кој го водат Обединетите нации, а според истражувањето на „Happy Planet Index“, Костариканците се најсреќниот народ во светот.

## Лихтенштајн

Во оваа земја војската не постои уште од 1868 година заради намалување на државните трошоци. Тогаш заклучиле дека во случај на воена закана би формирале војска, но од денешен аспект, кога во оваа земја речиси и да нема невработени, тешко е да се поверува дека кога било би влегле во војна.

## Самоа

Оваа островска држава, од своето основање до денес, никогаш немала војска. Во случај на војна, склучиле договор за заштита со Нов Зеланд.

## Андора

Во овој „даночен рај“ не постои војска. Но, сепак, и тие се заштитени, па доколку некој ги нападне, нека очекува одговор од Французите и Шпанците.

## Доминиканска Република

До 1981 година и тие имале своја војска но, сега, повеќе немаат „традиционална“ армија.

## Тувалу

Исто како и Самоа, и оваа држава никогаш немала своја војска. Се работи за земја членка на Комонвелтот, па ако некој ги нападне, ќе мора да се соочи со останатите членки на овој сојуз.

## Ватикан

Точно е дека тие ја имаат Швајцарската гарда но, технички, тие се под лична команда на папата, а не под Ватикан.

## Гренада

Откако во 1983 година Американците извршиле инвазија врз оваа земја, државата повеќе нема своја војска и се потпира на регионална соработка и помош од САД. Гренада е членка на Регионалните безбедносни договори во Карибите.

## Кирибати

Уште една држава во Тихиот Океан што нема војска. Кирибатите се заштитени од страна на Австралија и Нов Зеланд.

## Науру

Науру има само полиција и за надворешната безбедност се потпира главно на Австралија и има блиски договори и соработка со регионалните партнери.

## Света Луција

Островот каде што одмораат оние со „најдлабок џеб“ има некои воени сили, но не и своја армија. Имено, тие заедно со неколку други држави имаат склучено спогодба со Регионалниот систем за безбедност.

## Свети Винсент и Гренадини

Како и погоре споменатите држави, и овие имаат потпишана спогодба со Регионалниот систем за безбедност.

Пишува: м-р Ксенија Митева

### Соломонски Острови

Од конфликтот пред 10 години што беше успешно разрешен од страна на Австралија и Нов Зеланд, на овие острови повеќе нема маскирни униформи, туку само специјални полициски единици (паравоени функции). Овие сили се задолжени за внатрешната безбедност, за контрола при немири и за гранична и поморска заштита.

### Маршалски Острови

Оваа држава е под директна заштита на САД.

### Микронезија

Исто како и Маршалските Острови, и оваа земја е под заштита на САД.

### Палау

И, тие, исто така, во случај да имаат потреба, се заштитени од САД со кои имаат склучено договор ( Compact of Free Association). Палау има само полиција и поморска служба.

### Вануату

Оваа земја нема класична армија, но има полиција и паравоено крило (VanuatuMobile Force). Соработува со Австралија и со Нов Зеланд и честопати силите на полицијата се користат за заштита од природни катастрофи. (циклон, земјотрес итн.).

### Исланд

Исланд, на пример, има само Крајбрежна стража.

### Панама

Панама нема класична армија. Оваа земја ја распуштила Армијата во 1990 година, после падот на режимот на Мануел Нориега и настаните поврзани со инвазијата на САД со Панама (1989 година). Таа има т.н. јавни сили кои вклучуваат:

– Национална полиција;
– Гранична служба;
– Крајбрежна служба.

Овие сили се добро опремени, но формално не се „армија“. Панама се потпира на меѓународни договори, има блиски односи со САД кои ја бранат поради стратешката важност на Панамскиот Канал, кој е од глобална важност. И покрај тоа што Панама нема војска, таа има стабилна економија и голем дел од буџетот оди во развој, инфраструктура и трговија.

### Маурициус

Маурициус нема класична армија и никогаш после својата независност, оваа земја не развила голема војска. Оваа земја има полиција, Специјална мобилна единица (SMF) и Национална крајбрежна стража. Соработува со држави како Индија и Франција, а воедно е и изолиран остров, што природно ја намалува заканата и потребата да се брани. Она што е интересно за Маурициус е тоа што оваа земја се смета за една од најстабилните и најразвиените земји во Африка. Маурициус вложува повеќе во туризам, образование и финансии наместо што вложува во војска (во армија).

### Монако

Монако е богата микро-држава која има само мала гарда и полиција. Доколку безбедноста на Монако би била загрозена, за нејзината одбрана ќе се погрижи Франција.

### Сан Марино

Има само мали доброволни сили (церемонијални и за ограничени безбедносни услуги). За одбрана се потпира на Италија.

Додека денешната геополитичка ситуација е напната, одредени земји продолжуваат да избираат мирен пат, посветувајќи минимален буџет за национална одбрана.

Иако Швајцарија е позната по својата неутралност, сепак располага со армија која е способна да ги брани нејзините интереси, иако делува со ограничен број на војници. Од друга страна, некои земји решиле целосно да се откажат од вооружените сили. На пример, Лихтенштајн нема армија и, во случај на воен конфликт, би побарале помош од Швајцарија. Исланд, исто така, нема армија, но има заштита од САД.

### Зошто Костарика нема војска?

Во 1948 година, Костарика одлучува да ја укине својата војска, веднаш по револуцијата што го донесе Хозе Ферер, познат како Дон Пепе, на власт. Откако вооружената борба доведе до илјадници жртви, Дон Пепе воведува демократија и ја укинува армијата, пренасочувајќи го воениот буџет кон здравството и образованието. Денес, во случај на конфликт, Костарика има потпишано сојуз со САД за заштита.

### Кои други земји немаат армија?

Околу триесетина земји немаат сопствена војска, а меѓу нив најчести се земји со мала територија и население под 500.000, како Исланд, Лихтенштајн, Андора и некои острови во Пацификот. Исклучоци се Костарика и Панама, кои имаат население од приближно четири милиони. Овие земји честопати имаат договори со НАТО или со сојузи со моќни држави за своја заштита.

### Како се бранат земјите без армија?

Недостатокот на војска не значи дека овие држави се целосно незаштитени. Некои земји имаат договори со сојузници или се потпираат на полицијата или на цивилни сили за справување со итни случаи. На Маршалските Острови, локалната одбрана се потпира на лесно вооружување. Во Лихтенштајн, каде војската би била преголем трошок, би се мобилизирале граѓаните кои се под 60-годишна возраст. ■





# „KF-21 Boramae“

## Новата генерација борбени авиони на Јужна Кореја

Борбениот авион „KF-21 Boramae“ претставува еден од најамбициозните воено-технолошки проекти на Република Кореја последниве децении. Со овој проект Јужна Кореја не само што настојува да ја модернизира сопствената авијација, туку и да стане сериозен конкурент на глобалниот пазар на борбени авиони. „KF-21“ е резултат на долгорочна стратегија која комбинира домашно инженерство, меѓународна соработка и модерни технологии од највисоко ниво.

Програмата „KF-21“ започнува како дел од долгорочната стратегија на Јужна Кореја за создавање домашна воена индустрија, способна самостојно да развива современи борбени системи. Во проектот главна улога има компанијата „Korea Aerospace Industries“ (KAI), а значајна поддршка обезбедува и Индонезија како партнер во развојот и финансирањето на програмата.

Официјалното претставување на авионот се одржа во 2021 година, додека првиот лет беше реализиран во 2022 година. Овој успех беше значаен не само за јужнокорејската авијација, туку и за глобалната воена индустрија, бидејќи само мал број држави во светот имаат капацитет самостојно да развијат борбен авион од оваа класа. Програмата „KF-21“ претставува и доказ дека Јужна Кореја постепено преминува од увозник на воена технологија во производител и извозник на напредни воени системи.

„KF-21“ припаѓа на генерацијата „4.5“ и претставува „мост“ помеѓу класичните борбени авиони од четвртата генерација и најновите стелт-авиони од петтата генерација. Дизајнот е оптимизиран за висока брзина, стабилност при големи оптоварувања и намалена радарска забележливост. Иако целосно не е стелт-авион, неговата форма и употребата на современи материјали значително ја намалуваат можноста за радарско откривање. Конструкцијата користи напредни композитни материјали, што значително ја намалува тежината и ја подобрува отпорноста на конструкцијата. Авионот е опремен со два мотори „General Electric F414“, кои му овозможуваат максимална брзина поголема од „Mach 1.8“ и одлични перформанси во воздушна борба. Воедно, модерната конструкција овозможува висока маневарбилност и стабилност, дури и при високи брзини и екстремни маневри. Во однос на електрониката, „KF-21“ располага со современ радар AESA, дигитална кабина со повеќе мултифункционални дисплеи и напредни системи за електронска борба. Овие технологии му овозможуваат на пилотот подобра ситуациска свест и значително побрзо донесување одлуки во борбени услови. Современите комуникациски системи, исто така овозможуваат интеграција со други борбени

Пишува: м-р Трајче Чатмов




системи, вклучувајќи беспилотни летала и копнени командни центри.

Една од главните предности на „KF-21“ е неговата повеќенаменска улога. Авионот е дизајниран да извршува мисии за воздушна супериорност, пресретнување, поддршка на копнените сили и напади врз стратегиски цели. Ова го прави исклучително флексибилен во современите воени операции, каде што брзата адаптација е од клучно значење.

Во текот на тестирањата, авионот успешно изврши пробни лансирања на ракети „воздух-воздух“, што потврдува дека проектот напредува кон оперативна употреба. Способноста за носење модерни ракети и прецизно оружје го прави овој авион сериозен фактор на модерното бојно поле. Освен тоа, во иднина се очекува да се интегрира и напредно прецизно оружје што дополнително ќе ја зголеми неговата ефикасност.

„KF-21“ е дизајниран да функционира во услови на модерно мрежно војување. Тоа значи дека авионот нема да дејствува самостојно, туку како дел од интегриран систем кој вклучува радари, беспилотни летала, сателитски комуникации и копнени командни центри. Овој концепт е карактеристичен за најсовремените воздухопловни сили во светот.

Дополнително, „KF-21“ е дизајниран со идеја да биде финансиски попристапен од најновите стелт-авиони, што го прави особено интересен за помали и средни држави кои сакаат модерна авијација, но немаат можност да инвестираат огромни средства во најскапите борбени авиони. Ова може да му овозможи значителен успех на извозниот пазар во следните години.

„KF-21“ не е само нов борбен авион, туку и доказ дека Јужна Кореја станува една од водечките сили во областа на воената технологија. Со овој проект, земјата ја намалува зависноста од странски производители и истовремено создава нови можности за развој на сопствената воена индустрија. Развојот на „KF-21“ значи и создавање на нови технологии, нови производствени капацитети и нови експерти во областа на авијацијата. Овој проект има долгорочно значење, не само за воената, туку и за цивилната авијација, бидејќи голем дел од технологиите развиени за „KF-21“ можат да се применат и во други области. Во иднина, „KF-21“ се очекува да стане еден од најзначајните борбени авиони на азискиот пазар. Постојат планови за понатамошно подобрување на авионот, вклучувајќи подобрени стелт-карактеристики, нови системи за електронска борба и интеграција на уште помодерно вооружување. Со постепеното влегување во сериско производство, „KF-21“ може да стане еден од најважните симболи на новата генерација борбени авиони. Тој претставува спој на модерна технологија, национална индустрија и нови концепти на воено дејствување, што го прави еден од најинтересните авиони на современата воена сцена. ■





# ХЕЛИКОПТЕР „SIKORSKY S-70“



Пишува: полковник Драган Павловски

## Вовед

Компанијата „Sikorsky“ („Сикорски“) била основана во 1923 година од страна на познатиот пионер во авијацијата Игор Сикорски. Таа е меѓу првите компании коишто произведувале хеликоптери за цивилна и за воена употреба. Исто така, во компанијата биле произведувани хидроавиони за превоз на патници и површински возила како што се возови и чамци. Компанијата „Sikorsky“ била во сопственост на „United Technologies Corporation“ сè до ноември 2015 година, кога е продадена на компанијата „Lockheed Martin“.

Компанијата „Sikorsky Aircraft“ останува водечки производител на хеликоптери, пред сè на познатите модели „UH-60 Black Hawk“ и „SH-60 Seahawk“. Започнувајќи од 1957 година, оваа компанија го произведува и претседателскиот хеликоптер, познат под повикувачкиот знак „Marine One“.

Компанијата ги означува речиси сите свои модели со S-броеви, а моделите на хеликоптери означени со броевите од S-1“ до S-27 биле дизајнирани до период на миграцијата на Игор Сикорски во САД. Подоцнежните модели добиле повеќекратни ознаки од воените служби што ги користеле, честопати во зависност од намената (на пример: UH, SH и MH).

## Варијантата „S-70“

Хеликоптерот „Black Hawk“ е повеќенаменски воздухоплов, со употреба на околу 4.000 модели низ целиот свет, односно во 36 земји, со 15 милиони часови прелет, од кои над 5 милиони борбени часови. Овој тип на хеликоптер се покажа ефикасен во најекстремните средини за делување, обезбедувајќи стапка на оперативна подготвеност во борбени услови од над 92%.

Варијантата „S-70“ е комерцијална верзија на хеликоптерот „UH-60 Black Hawk“ во служба на американската армија. Овој хеликоптер бил дизајниран во 1970-тите години и изграден врз основа на истата докажана технологија. Хеликоптерот е достапен глобално и може да се опреми за реализација на широк спектар на мисии (од мисии за спроведување на законот во делот на безбедносните служби, гранична патрола, сè до гаснење пожари, превоз на важни личности, реализација на специјални операции и реализација на мисијата за пребарување и спасување). Хеликоптерот бил конструиран со цел да ги исполни стандардите за воена безбедност и преживување, способен да полетува и да слетува при силни ветрови, да работи на големи надморски височини и при ниски температури, да слетува на стрмни падини и да издржи борбени штети и тврди слетувања. Опремен со напредна авионика и електроника, покрај стандардните мисии може да учествува и во реализација на задачите во делот на електронското војување и аеромедицинската евакуација, како и за воздушен транспорт на хаубица „M102“ од 105 мм, со муниција и дополнителен екипаж.

Реализацијата на повеќенаменските мисии придонесува за богатото портфолио на опрема, која се состои од следното: Color Weather Radar, Commercial Radios, Emergency Lighting System, Electro-Optical/ Infrared System, Environmental Control System, Extended Landing Gear, External Electric Rescue Hoist, Flight Following SATCOM, FRIES (Fast Rope Insertion and Extraction System), Helicopter Emergency Lighting System, High-Powered Search Light, Manual Blade Fold Kit, Medical Interior,

Mission Planning System, Moving Map System, Triple Patient Litter System, Wireless Communications итн.

## Други варијанти

Моделот „HH-60G Pave Hawk“ е високо модифицирана верзија на „S-70“, првенствено дизајнирана за специјални операции, како што се спасување на соборени авионски екипажи или на друг изолиран персонал за време на војна. Овој хеликоптер е опремен со спасувачка дигалка, како и со извлекувачка сонда за полнење гориво во лет.

Варијантата, позната како „S-70UAS U-Hawk“ е целосно автономен хеликоптер (беспилотен воздухоплов) кој ја заменува пилотската кабина со 25% повеќе простор за товар и трансформативни нови можности за воздушна сила на копно и во воздух. Оваа варијанта засега е прототип, со брз развој и на добар пат првиот лет да биде реализиран во 2026 година.

Постојат и други варијанти на хеликоптерот:

- „YUH-60A“, основна верзија, која се произведувала од 1978 до 1990 година, со вкупна испорака на повеќе од 1000 примероци;
- „UH-60A Black Hawk“ е оригиналната верзија на хеликоптерот кој бил произведуван од 1977 до 1989 година;
- „UH-60C Black Hawk“, модифицирана верзија за мисијата „Командување и контрола“;
- „CH-60E“, предложена варијанта за транспорт на трупи, посебно за Маринскиот корпус;
- „UH-60L Black Hawk“, модернизирана варијанта на „UH-60A“ во однос на моторите, редукторот и контролите за летање. Оваа варијанта се произведувала од 1989 до 2007 година;
- „UH-60M Black Hawk“, модернизиран, современ хеликоптер со вградени системи како што се Integrated Vehicle Management System (IVHMS) и Common Avionics Architecture System (CAAS). Производството започна во 2006 година и со него се планира заменување на старите „UH-60“ на американската армија;
- „EH-60C Black Hawk“ е модернизирана варијанта на „UH-60A“ со специјална електронска опрема и надворешни антени;
- „UH-60Q Black Hawk“, исто така, е модернизирана варијанта на „UH-60A“ за медицинска евакуација;
- „HH-60L“ е модернизирана варијанта на „UH-60A“ за медицинска евакуација со екстензивно поседување медицинска опрема и надворешна дигалка за спасување. Опремен е и со „On Board Oxygen Generating System“ (сопствен систем за обнова на кислородот во хеликоптерот во текот на летот);
- „MH-60A Black Hawk“ е модернизиран „UH-60“ на американската армија со дополнителна опрема од областа на авиониката, „Night vision system FLIR“, внатрешен дополнителен резервоар за гориво и друга специјална опрема;
- „MH-60K/L/M Black Hawk“ е посебен модел за специјалните сили. Опремен е со посилни мотори, надградена авионика, радар, подобрена вооружена способност и разни одбранбени системи;
- „VH-60D/N Nighthawk/ Whitehawk“ е ВИП-варијанта која исклучиво се користи за превоз на значајни личности.

## Соработка со други индустрии

Хеликоптерот „C-70“ се произведува и во компанијата „PZL Mielec“, еден од најголемите производители на воздухоплови во Полска. Оваа компанија испорача повеќе од 100 хеликоптери „C-70“ во 11 земји низ целиот свет. Кабините се градат во најсовремениот производствен погон во истата компанија која располага со специјализирана опрема и прецизност. Речиси 90% од сите компоненти на кабината, вклучувајќи ги машински обработените и обликуваните делови, композитните конструкции и електричните системи, се произведуваат во самата компанија. Процесот ја комбинира напредната технологија со експертиза на работната сила, од заварување и обработка на големи структурни компоненти до детални инспекции на квалитетот, осигурувајќи дека секоја кабина ги исполнува стандардите за безбедност и сигурност кои се потребни за воени авиони. Откако ќе бидат завршени, дел од елементите се испорачуваат во погоните на „Sikorsky“ во Соединетите Американски Држави за вградување во хеликоптерите „UH-60M Black Hawk“ за потребите на Армијата на САД.

Турските воздухопловни индустрии („Turkish Aerospace Industries“ - TAI) и компанијата „Аселсан“, исто така учествуваат во производството на хеликоптерите „T-70“ кои се под лиценца од „Sikorsky“. Со трансфер на одредена производствена технологија во турската индустрија, хеликоптерот стана турска варијанта на „S-70i Black Hawk“. ■




093



# „EFES-2026"



# КВАНТНИОТ СУПЕРКОМПЈУТЕР „ZUCHONGZHI-3“ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОВРЕМЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

Последниве години квантната пресметка се наметнува како една од клучните технологии со потенцијал да предизвика суштинска трансформација во начинот на обработка на информации. За разлика од класичните компјутери, квантните системи ги користат принципите на суперпозиција и заплеткување, што овозможува паралелна обработка на податоци со значително поголема сложеност. Во овој контекст, развојот на квантниот суперкомпјутер „Zuchongzhi-3“ претставува важен чекор во глобалната квантна трка и значаен индикатор за технолошкото созревање на квантните платформи, со потенцијални импликации и во областа на безбедноста и одбраната.

„Zuchongzhi-3“ е суперспроводлив квантен компјутер со 105 кубити, распоредени во дводимензионална решеткаста архитектура, што овозможува ефикасно меѓусебно заплеткување и изведување на сложени квантни операции. Подобреното кохерентно време и високата прецизност на логичките операции укажуваат на значително намалување на грешките, што претставува еден од најголемите инженерски предизвици во квантната пресметка. Демонстрацијата на квантна надмоќ, преку решавање на строго дефинирани пресметковни задачи, недостижни за класичните суперкомпјутери, го позиционира „Zuchongzhi-3“, меѓу најнапредните квантни процесори на денешницата.

Овие резултати имаат пошироко значење од чисто научен аспект. Во безбедносниот и одбранбениот домен, квантните компјутери се разгледуваат како идни алатки за анализа на големи количини податоци, оптимизација на логистички и оперативни процеси, како и за симулација на комплексни сценарија. Воени операции сè повеќе се потпираат на брза обработка на информации од различни извори, каде класичните системи се соочуваат со ограничувања во времето и сложе-

доста. Дополнително, квантната пресметка има потенцијал да придонесе кон развој на напредни модели за поддршка на одлучувањето, особено во услови на динамична и непредвидлива оперативна средина. Иако системите како „Zuchongzhi-3“ сè уште не се подготвени за директна оперативна примена, нивниот развој укажува на идни можности за интеграција со постојните класични инфраструктури, при што квантните ресурси би се користеле за специфични задачи со висока сложеност.

Во споредба со други водечки квантни платформи, Zuchongzhi-3 покажува дека бројот на кубити сам по себе не е единствениот критериум за пресметковна предност. Архитектурата, стабилноста и точноста на операциите играат клучна улога, што е особено важно од безбедносен аспект, каде доверливоста и предвидливоста на системите се од суштинско значење. Ова укажува дека идниот развој на квантните технологии ќе се движи кон балансирање помеѓу скалабилноста и контролата, наместо кон исклучиво зголемување на номиналните капацитети.

Сликата прикажува слоевита архитектура на суперспроводливиот квантен процесор „Zuchongzhi-3“, со мрежа од кубити, интерконекциски и контролни слоеви и заштитен горен слој, што овозможува висока стабилност, прецизна контрола и значително подобрени перформанси во квантната пресметка.

„Zuchongzhi-3“ претставува значаен чекор во еволуцијата на квантната пресметка и јасен показател дека квантните технологии постепено се приближуваат кон практична применливост. Иако нивната директна оперативна употреба во воените системи сè уште е долгорочна перспектива, развојот на вакви платформи има стратешко значење за идните безбедносни капацитети. Квантните компјутери не треба да се гледаат како замена, туку како дополнување на класичните системи, со потенцијал да обезбедат нови алатки за анализа, планирање и донесување одлуки во сложени безбедносни и одбранбени сценарија. ■

| Систем | Кубити | Технологија | Година | Забележително достигнување |
|---|---|---|---|---|
| Zuchongzhi-3 (Кина) | 105 | Суперспроводлива (2D-решетка) | 2024 | Квантна надмоќ: ~10^15 пати побрз од најбрзиот класичен суперкомпјутер; ≈10^6 пати побрз од Google-овите резултати во 2024 година |
| Google Sycamore (САД) | 53 | Суперспроводлива (чип) | 2019 | Прва демонстрација на квантна надмоќ (случајно квантно коло решено за 200 s) |
| IBM Eagle (САД) | 127 | Суперспроводлива (чип) | 2021 | Прв процесор со >100 кубити; платформа за истражување (нема демонстрирана надмоќ) |
| IBM Osprey (САД) | 433 | Суперспроводлив (чип) | 2022 | Најголем број кубити досега (433); во развој, дел од патот кон >1000 кубити |
| USTC Jiuzhang-3 (Кина) | 255 (фотони) | Фотонска (оптичка) | 2023 | Квантна надмоќ преку бозонско семплирање (фотонски експеримент); ~10^6 пати побрз од класичен компјутер |

*Табела бр. 1 Споредба на „Zuchongzhi-3“ со други квантни суперкомпјутери*




*Слика 1. Слоевита архитектура на квантниот процесор „Zuchongzhi-3“*






# „Survivor R“

## Напредна оклопна технологија во служба на безбедноста



Пишува: Идриз Идризоски

„Survivor R“ претставува современо 4х4 оклопно возило дизајнирано за операции со висок ризик, развиено во партнерство меѓу компаниите „Rheinmetall MAN Military Vehicles“ и „Achleitner“. Со неговата модуларна конструкција, напредна заштита и сигурни погони компоненти, возилото се наметнува како еден од најфлексибилните системи во категоријата среднотежински тактички платформи. Премиерата ја доживеа на саемот Eurosatory 2014 во Париз, каде беше претставено како нов генерациски концепт на заштитено, повеќенаменско возило. Како основа послужи милитаризираната шасија MAN TGM, комбинирана со оклопна монокок кабина и комерцијални компоненти со висока достапност. Внатрешниот простор овозможува сместување на двајца во предниот дел и десет војници во задниот транспортен оддел. Оваа можност го прави ефикасна платформа за брзо распоредување на единици.

Со должина од 6,5 м, ширина 2,5 м и висина 2,7 м, платформата достигнува бруто маса од 15.000 кг и обезбедува

| Технички податоци: | |
|---|---|
| Категорија: | оклопно возило |
| Производители: | Rheinmetall MAN Military Vehicles и Achleitner |
| Димензии: | 6,54 × 2,50 × 2,70 м |
| Маса: | 5,5 тони |
| Носивост: | 4.000 кг |
| Капацитет: | 2 + 10 лица |
| Мотор: | MAN, 6,9 l дизел, 6 цилиндри |
| Вооружување: | опционално |

носивост до 4.000 кг. Потребите за различен тип на мисии се поддржани преку можност за интеграција на различни системи и специјализирани модули. Возилото може да се транспортира по воздушен пат со транспортер од типот C 130 Hercules.



## CBRN способности

Посебно внимание привлекува CBRN конфигурацијата. Оваа варијантата располага со комплет за откривање и идентификација на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни агенси. Пакетот опфаќа систем за земање примероци од вода (OWR), масен спектрометар Bruker MM и NBC инспекциска опрема. Сензорскиот сет овозможува автоматска детекција на зрачење, присуство на хемиски агенси и рано предупредување за оддалечени облаци со опасни материи.

Информациите од мерењата може да се пренесуваат во реално време до командните структури, што овозможува брзо означување и изолирање на контаминирани подрачја. Предвидено е и собирање примероци од почва, вода и различни површини за лабораториска анализа.

## Погон

Моќноста доаѓа од 6,9 литарски шестцилиндричен MAN дизел мотор (Euro 3) на водено ладење, комбиниран со 12 степен автоматски менувач и двостепена трансфер-кутија. Погонот развива 330 КС (242 kW) и 1.250 Nm вртежен момент, што обезбедува стабилни перформанси во комплексни теренски услови.

## Мобилност и опрема

Потпирањето се состои од MAN лиснати пружини, амортизери и стабилизатори. Дополнителната опрема може да вклучи централен систем за регулирање притисок во гумите, хидраулично витло од 10 тони, дозерски нож и автоматизиран пренос на погон. Можни дополнителни модули се далечински управувана вооружена станица, CBRN филтрација, IR фарови, рефлектори, кровни конструкции, скали и заштита на шофершајбната.

## Корисници

„Survivor R" е во оперативна употреба кај германската федерална полиција, австриските вооружени сили и армијата на Туркменистан.

Со комбинацијата од заштита, мобилност и мисионска флексибилност, Survivor R се наметнува како едно од најуспешните современи оклопни возила на тркала во својата класа. Платформата нуди решение што може лесно да се прилагоди на потребите на модерното бојно поле, но и на задачите на внатрешната безбедност, што ја потврдува неговата важност и растечка популарност меѓу операторите во Европа и пошироко. ■





# „ФН МТЛ-30“
## Футуристички фрлач на гранати за Армијата на САД



Пишува: Александар Стојчевски

Компанијата за производство на оружје, „FN America”, во октомври 2025 година објави дека добиле договор вреден два милиони долари од Армијата на САД за понатамошен развој на својот систем за оружје од следната генерација и семејство муниција што овозможува прецизни борбени дејства за уништување цели со зголемена смртоносна моќ и прецизност во споредба со традиционалните фрлачи на гранати.

Повеќенаменскиот тактички фрлач во калибар од 30mm (MTL-30), е дизајниран во САД и ќе го произведува компанијата „FN America” во фабриката во Јужна Каролина. Се работи за пренослив, полуавтоматски фрлач на гранати со средна брзина и рамна траекторија, кој им овозможува на војниците да напаѓаат цели на зголемени растојанија со поголема ефикасност во однос на постоечките технологии. По обемно тестирање, фрлачот на гранати успешно ги исполнил клучните критериуми за перформанси на Министерството за одбрана, а воедно ги испорачал и посакуваните карактеристики. Покрај тоа, тој е лесен за производство и логистички поддржан, благодарение на најсовремените техники на производство, што гарантира дека програмата ќе биде исплатлива.

Оваа програма е приоритет на Владата на САД поради промените во современото војување и ангажмани, а компанијата „FN America” е избрана да го развие ова ново, иновативно решение. Се очекува најновиот договор да овозможи подобрување на сигурноста на оружјето и да обезбеди платформата да може беспрекорно да се интегрира со постоечките армиски системи. Откако ќе се развие и ќе се имплементира, овој систем на оружје би можел радикално да ги промени идните стратегии на бојното поле, бидејќи ќе понуди нови можности на ниво на вод и надградени тактички опции, давајќи му на војникот поефикасен систем. Флексибилноста на оружјето, од блиска борба до уништување беспилотни летала, беше во фокусот на барањето на Армијата. Се очекува оружјето да биде распоредено како примарен систем на оружје, обезбедувајќи способности за водење блиска борба, за борба против заштитени цели и борба против беспилотни летала, користејќи различни типови на муниција. Исто така, ќе може да се поврзе со далечински станици за оружје на „FN”, за да се создаде повеќеслојна одбрана од беспилотни воздушни системи. Обезбедувањето решенија коишто можат да се спротивстават на повеќекратни закани е од клучно значење за идните ангажмани на бојното поле.

Преносливиот повеќенаменски тактички фрлач на компанијата „FN”, или „FN MTL-30”, е рачно полуавтоматско оружје, налик на пушка, кое испукува гранати од 30 мм по рамна траекторија, со ефективен дострел од 500 метри, додека сегашните фрлачи на гранати од 40 мм што ги користат копнените бор-

бени единици исфрлаат со повисока траекторија. Способноста на „MTL-30” да гаѓа цели со рамна патека на лет треба да ја прошири неговата применливост во борба.

Оружјето има модуларен систем на пикатини-шини за монтирање оптика или други додатоци, а вклучува и точки од системот „M-LOK“, дизајниран од „Магпул“ на штитникот за цврсто монтирање на дополнителни додатоци. Амбидекстралниот дизајн им овозможува на деснораките и леворaките војници брзо да ракуваат со затворачот, со копчето за отпуштањето на рамката за муниција и со селекторот за безбедноста на оружјето.

Според „FN”, „MTL-30” може да биде опремен и со различни видови пригушувачи на цевката. Долниот сандак на оружјето, кој е моделиран според најкористениот „М4“, доаѓа со телескопски кундак со 6 позиции и модуларни кревачи за образите за дополнителна стабилност при пукањето. „FN MTL-30” користи гранати со средна брзина, со калибар од 30 мм и има одвоива рамка за муниција со капацитет од 3 или 5 гранати, за разлика од традиционалните едногранатни и самостојни фрлачи од 40 мм. Има должина од само 86,36 сантиметри, а оружјето тежи нешто повеќе од 4,5 килограми. За војникот, „FN MTL-30” е полесен и поедноставен од претходните опции. Повратните информации од војниците во реално време доведоа до прототип кој е многу полесен за користење, благодарение на контроли-



те, рачката и кундакот во стилот на „М4“. Поконкретните детали за гранатите што ги испукува „FN MTL-30” моментално се ограничени. Барањата за нив што Армијата претходно ги објави, бараа семејство муниција која треба да обезбеди борба против заштитени цели, пробивање на врати, за водење на блиска борба, борба против беспилотни летала и лесни оклопни возила. Исто така, постоеше желба да има гранати што пробиваат оклоп, распрснувачки гранати наменети за борба против дронови и гранати за блиска борба.

„FN America” соопшти дека оружјето има ефективен дострел од 500 метри и дека муницијата што ја користи лета по рамна траекторија. Постојните фрлачи на гранати, „М203“ и „М320“, испукуваат гранати од 40х46 мм кои се движат по траекторија со многу поизразен лак. Порамната траекторија може да биде поповолна за гаѓање на одредени групи цели. Армијата првенствено ги користи фрлачите „М203“ и „М320“ како додатоци под цевката за постојните пушки од серијата М16/М4, иако вторите можат да се користат и во самостојна конфигурација. Максималниот ефективен дострел на „М203“ и „М320“ при испукување на типични високоексплозивни гранати е 350 и 400 метри.

Со инкорпорираните технологии, “FN” создаде систем кој е многу полесен, покомпактен и поманеврирачки од претходните фрлачи на гранати управувани од војници. Ова ќе ги подобри способностите на војниците на бојното поле, нудејќи робусно решение за блиска борба, за гаѓање на цели до 500 метри или за потенцијална борба против други закани како што се беспилотните воздушни системи. Инаку, „FN” е еден од најголемите набавувачи на мало оружје за американската војска и продолжува да развива иновативна технологија. Покрај ова, компанијата моментално има договори за „М240“ и за неговите варијанти, лесниот митралез „М249“; „МК 46“, „МК 48“, „МК 17“ и „МК 20 SSR” и други договори. „FN” има децениско искуство во дизајнирање и снабдување со разни системи за лансирање гранати. Компанијата го произведе целосно автоматскиот 40-милиметарски фрлач „МК 19“, потоа „МК 13 EGLM” кој беше дел од програмата „SCAR” и моментално, на меѓународно ниво, го продава самостојниот фрлач на гранати „40GL”. ■



# Француско извидувачко борбено возило „

„AMX 10RC“ е оклопно борбено амфибиско возило со погон 6x6 на тркалата, кое е наменето за силите за брза интервенција, со примарна намена како извидувачко возило, а со секундарна намена како ловец на тенкови и за огнена поддршка.Конструкцијата е изработена од заварени плочи на алуминиумската легура 7020, која обезбедува кружна заштита од лесно пешадиско оружје со калибар 7,62 mm и 7,92 mm на далечина од 100 m и шрапнели од артилериски гранати. Во предниот дел на возилото е сместен управувачкиот оддел, централно е борбениот оддел со борбената купола, а одзади е погонскиот оддел. Екипажот на возилото брои 4 члена. Возачот е поставен напред, од левата страна. Во борбената купола, лево, е сместен полначот на топот, десно, напред, е сместен нишанџијата, а позади него е командирот. На поклопецот за возачот се поставени 3 перископи, од кои средниот перископ може да се замени со перископот за ноќно возење „OB-31-A“. За потребите на полначот на топот на кровот од куполата има отвор и 3 перископи. За нишанџијата, на кровот се вградени 2 перископи, а за командирот, околу неговиот отвор, на кровот има 6 перископи. Од нишански системи за потребите на нишанџијата, десно од топот, е вграден нишанот „M504“, со зголемување кое е поголемо за 10 пати, во чиј склоп е и ласерскиот далечиномер „M550 CILAS“ и контролниот уред за корекции „M553“, а за нишанење во ноќни услови, лево од топот, е вградена ТВ-камера и ноќниот нишан„DIVT13 LLLTV“. За командирот е вграден перископскиот нишан „M389“, кој ротира за 360° и поседува зголемување кое е поголемо за 2 и за 8 пати. Командирот ги надгледува командите на нишанџијата и може по потреба да ги преземе. За управување со огнот е вграден системот COTAC M401, а за управување со куполата е вграден електро-хидрауличниот контролен систем SAMM CH49. Во борбената купола „TK 105“, е вграден нестабилизираниот топ „CN-105-F2“, со калибар од 105 mm. Лево од топот е вграден коаксијален митралез, со калибар од 7.62 mm. На кровот, напред, десно од позицијата на полначот на топот, има постамент за уште еден митралез. Куполата со ротација овозможува дејство на топот од 360°, а по елевација има движење од - 8° до + 20°. Возилото ги користи гранатите „OFL 105 Mle F3“ (APFSDS-T), „OCC 105 F3“ (HEAT-T), „OE 105 Mle F3“ (HE) и гранатата за вежби „BSCC 105 F3“. На задниот дел од куполата, лево и десно, се поставени по два лансери на димни гранати „DREB“.Во возилото е вграден турбо дизел-моторот „V-8 Hispano-Suiza HS-115“ и трансмисијата „GIAT ARE 4AD60“, со 4 брзини за движење напред и 4 за движење назад. За пловење по вода, во задниот дел од конструкцијата (лево и десно) се вградени два погони „Hidrojets“. По 1983 година во возилата се вградува нов поекономичен дизел-мотор „Baudoin model 6F11 SRX“, со моќност од 280 кс. Инаку, резервоарот за гориво е со капацитет од 520 литри. Наместо класични амортизери возилото поседува модерна хидропневматска суспензија која овозможува елевација и нивелација на сите 4 страни од возилото, а воедно овозможува менување на клиренсот на 4 височини, и тоа најмалата височина е од 210 mm за движење по пат, 350 mm за движење по земјен терен од 470 mm и при амфибиски операции од 600 mm. Управувањето со тркалата е како кај гасеничните возила со две управувачки рачки, што му овозможува на возилото ротирање во место. Возилото има централен систем на регулација на притисокот во пневматиците (димензија 14.00x20 XL), во кои има вметнувања „run flat“. Со модернизацијата на 256 возила „AMX-10RC“, создадение верзијата „AMX-10 RCR“. Во „AMX-10 RCR“ е вграден системот за управување со бојното поле„SIT V1“, термовизиска камера „DIVT16“, систем за активна заштита „LIRE“, тактичките комуникации се заменети со „Thales PR4G VS4“, потоа со систем за ласерско предупредување, систем за идентификација „пријател или непријател.

Напред на куполата се поставени 2x4 лансери на димни гранати „Galix“, модифициран е уредот за АБХО-заштита, има подобрувања во суспензијата, поставени се дополнителни челични плочи за предна заштита од проектили од 23 mm, бочна заштита од 14,5 mm и заштита од импровизирани експлозивни направи. Но, со поставување на дополнителен оклоп, возилото ги загуби своите амфибиски можности, па затоа се отстранети погоните „Hidrojets“. Од „AMX 10RC“ се произведени 457 возила, а корисници се државите Франција, Мароко, Катар и Украина. ■

| Тактичко- технички каратеристики на AMX 10RC (6x6) | |
|---|---|
| Екипаж | 4 војници |
| Должина на трупот | 6.35 m |
| Должина со цевката | 9.15 m |
| Височина до кровот на куполата | 2.29 m |
| Максимална височина | 2.66 m |
| Широчина | 2.95 m |
| Клиренс | од 210 mm до 600 mm |
| Борбена тежина | 15.8 тони |
| Погон | Турбодизел мотор V-8 Hispano-Suiza HS-115 со моќност од 260 кс |
| Максимална брзина на пат | 85 km/h |
| Просечна брзина на земјен терен | 25 km/h |
| Пловна брзина | 7.2 km/h |
| Преден наклон | 50% |
| Бочен наклон | 30% |
| Премин преку ров | 1.15 m |
| Вертикална препрека | 0.7 m |
| Водена препрека | амфибија |
| Автономија на движење | 800 km |

AMX 10RC“ (6x6)




## Објаснување на пресек-сликата на AMX 10RC

1. Референтен систем на цевката од топот
2. Топ CN-105-F2, со калибар од 105 mm
3. Нишански систем M504
4. ТВ Монитор на нишанџијата
5. Пулт на нишанџијата
6. Позиција на нишанџијата
7. ТВ камера DIVT13 LLLTV
8. Перископ за нишанџијата
9. Пулт за командирот на возилото со ТВ Монитор
10. Перископ за командирот на возилото
11. Сензор за аголна поставеност (нагиб)
12. Панорамски нишан M389
13. Позиција на командирот на возилото
14. Радио комуникациски уреди TRVP13 и TRVP213
15. Вентилатор
16. Уред за АБХО заштита
17. Лансер на димни гранати DREB
18. Решетка за всисување на вода
19. Блок од телевизиските апаратури
20. Позиција на полначот на топот/ радист
21. Цилиндер на хирдопневматската амортизација
22. Зглоб на тркалото
23. Хидропневматска уред за подесување на височина на клиренсот
24. Позиција на возачот
25. Поклопец на отворот за возачот со вградени 3 перископи






Пишува: Ивица Дамески

# КАЈ БИРКСТЕД






## Летачкиот ас и авијатичар-претходник на една нација

Пишува: потполковник Златко Блажески

Во палетата на авијатичарите од Втората светска војна, малкумина се издвојуваат по нивното истовремено владеење со пилотската кабина, дипломатска финеса и културно премостување толку јасно како Кај Биркстед. Тој е ас на борбени авиони, роден во Данска, човек којшт не е дефинира по граници, туку по верност кон слободата. Како остварен пилот на борбен авион, командант на ескадрила, а подоцна и виш штабен офицер во рамките на сојузничката воздухопловна структура, придонесот на Биркстед во воздушната војна ги надмина личните достигнувања. Тој е докажан борбен лидер и стратешки мислител.

Кај Биркстед е роден на 2 март 1915 година во Копенхаген, Данска, во семејство кое поттикнувало дисциплина, независност и широка културна свест. Домашното воспитување и раното образование на Кај Биркстед во „Birkerød“ во близина на Копенхаген го обликувало како личност дефинирана со независност и љубопитност. Неговото рано образование ставало акцент на математиката, инженерските принципи и физичката кондиција. Сите овие негови лични карактеристики подоцна ќе му послужат во авијацијата. Уште од млада возраст тој покажал силна фасцинација кон летањето и воздухопловството. Во 1936 година тој бил примен во поморската школа за летање и две години подоцна бил номиниран да лета во резервниот состав. На 22 декември 1937 година, тој е назначен за потпоручник, а подоцна бил унапреден во поручник во јануари 1940 година. На 9 април 1940 година, кога германските сили ја започнале операцијата „Везерубунг“ и ја нападнале Данска, тој служел во Поморската воздухопловна база во „Slipshavn“, Данска, и капитулирал за неколку часа поради огромна сила и политички ограничувања. Но, предавањето не е опција која Кај ја разгледувал. Тој и многу дански пилоти барале начини да ја продолжат борбата на друго место. Биркстед, користејќи комбинација од тајни мрежи за поддршка и лична иницијатива, бега од окупираната Данска, патувајќи прво до Шведска, а потоа се приклучуваше на патиштата



што шверцуваа сојузнички персонал кон слободна територија. Конечно, откако стигнува до Обединетото Кралство, Биркстед им ги нудел своите услуги на сојузничката кауза. Со оглед на неможноста на Данска да распореди свој воздушен контингент во странство, тој се поврзува со Кралските норвешки воздухопловни сили во егзил кои имале воспоставено односи со РАФ. Неговата вештина и професионализам за брзо време му обезбедиле место во авијацијата на првата линија. Во почетокот служел во 43. ескадрила, каде што летал на ловците „Hawker Hurricane“. Подоцна бил префрлен во новоформираната норвешка ловечка ескадрила, 331. норвешка ескадрила, на која ѝ биле доделени ловците „Spitfire“. После краток период Кај бил назначен за командант на ескадрилата. Во 1942 Биркстед го соборил својот прв германски авион „Focke-Wulf Fw 190“. Неговото оперативно досие брзо се проширува, како резултат на зголеменото темпо на операциите РАФ во 1941–1942 година, така што дел од задачите кои ги извршувал Кај се: заштита на конвои, офанзивни операции низ Ламанш, придружни мисии и пресретнување на напаѓачи на Луфтвафе. Во 1943 година, краток период работел како инструктор во Школата за борбени водачи, по што повторно се вратил во норвешката ескадрила како командант и е унапреден во чин потполковник. Годината 1944 е исполнета со наизменично активно и пасивно летање. Служел како оперативен планер во Генералштабот во комбинираниот контролен центар на 11. група на RAF, со одговорност за борбените авиони и дневна придружба за време на инвазијата на Франција. До крајот на војната во 1945 година, севкупниот биланс на Кај Биркстед е 10 потврдени соло-соборувања на непријателски воздухоплови, 1 споделено соборување, 5 оштетени воздухоплови и над 178 борбени летови. Со овие постигнувања, со право Биркстед е најдобриот дански воздухопловен ас за време на Втората светска војна.



По завршувањето на војната Биркстед се вратил во Данска каде што како советник на владата има клучна улога во обновата на националните воздухопловни сили во обединетите Кралски дански воздухопловни сили (RDAF), каде што во 1950 година станал началник. И покрај неговата воена експертиза, тој бил отфрлен од највисоката позиција, командант на воздухопловните сили, во корист на постари офицери без борбено искуство. Во 1960 година, тој ги напуштил RDAF со чин полковник за да се приклучи на Врховниот штаб на сојузничките сили на НАТО за Европа (SHAPE) во Париз. Од 1968 година до неговото пензионирање во 1980 година, тој работел како цивилен експерт во Меѓународниот штаб на НАТО во Брисел. Починал на 21 Јануари 1996 година во Лондон, Обединето Кралство.

Карактеристика што го истакнува лидерскиот стил на овој воен пилот-ас е неговата смирена решителност.. Пилотите кои служеле заедно со Биркстед честопати му забележувале на неговото смирено однесување за време на борбата. Оваа негова смиреност им дала на помладите пилоти пример и придонела за целокупниот професионализам на неговите единици. Способноста за градење мултинационални мостови е другата специфична карактеристика на овој лидер. Биркстед поседувал редок дар за хармонизирање на културите во рамките на воената структура. Тој имал способност да одржува кохезија во рамките на мултикултурна сила, нешто што било фундаментално за успехот на 331. ескадрила. Третата карактеристика е посветеноста на професионални стандарди –– од протоколи за обука до оперативна дисциплина, Биркстед се залагал за високи стандарди. Ова внимание кон извонредноста ги подобри перформансите на ескадрилите под негова команда. Биркстед, зад себе, како наследство, оставил големо стратешко влијание, што може дас се види во доктрина за интеграција на мултинационални борбени авиони. Тој е претходник на подоцнежната воздушна практика на НАТО, како и во унапредување на структурите за координација на штабот на сојузниците. Овие придонеси го нагласуваат фактот дека влијанието на Биркстед се проширило далеку над пилотската кабина.

Кај Биркстед направил повеќе од тоа само што се борел против Луфтвафе, Тој го носел товарот на нациите на својот грб. Неговото наследство продолжува да ги води пилотите на Европа и на поширокиот НАТО сојуз, потсетувајќи нè дека небото го бранат не само машините, туку и карактерот, интелектот и интегритетот на сите авијатичари. ■



# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ , ПОМЕЃУ МИНАТОТО И СЕГАШНОСТА



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Гоце Делчев е личноста околу која последните години се кршеа копјата помеѓу историската македонско-бугарска комисија: На која историја припаѓа овој револуционерен деец? Гоце Делчев е ставен на врвот во книгата на заслужни Бугари (како „етнички Бугарин“ од Кукуш, Егејска Македонија), иако нема никакви заслуги за Бугарија, па дури и обратно – бил дециден во ставот дека ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци. Не е случајно што во Бугарија, уште во 1938 година беше забранет весникот посветен на 35-годишнината од смртта на Делчев и на Илинденското востание, кој е мошне важен документ за националните позиции на македонската интелигенција меѓу двете светски војни.  Кога бугарската цензура видела дека во текстовите на плејада македонски револуциионери и дејци како Ангел Динев, Митко Зафировски, Божин Проданов, Стефан Аврамов, Михаил Чаков, Туше Делииванов, Јордан Ризов, Петар Трајков, Павел Шатев и други, се зборува за македонски народ и македонска нација, а никаде не се споменува дека Македонците се Бугари, веднаш било невозможено печатењето на весникот.
Ѓорѓи (Гоце) Делчев (роден е на 4 февруари 1875 г., а починал во Кукуш на 4 мај 1903 г. во с. Баница) низ само една деценија револуционерна дејност (од 1894 г. до 1903 г.)  ги сублимирал и ги изразил исконските стремежи, надежи и борба на македонскиот народ, да биде свој на своето, да има своја слободна држава како и останатите европски нации. Делчев е симболот на големата илинденска епопеја во македонската националноослободителна борба и затоа е опеана личност низ македонското народно творештво. Со неговото име раснеа новите генерации македонски борци, а партизаните јуришаа во текот антифашистичката НОБ.

Времето во кое се родил е време кога Македонија била под стегите на османлискиот феудализам, па токму затоа и неговиот бунтовен карактер против стегите на Османлиите ја предодределе патеката на неговата судбина. Освен Гоце Делчев, од семејството на Никола и Султана Дел-



чеви, за слободата на Македонија починале и нивните други двајца синови – Мицо (Димитар) и Милан. Сестрата Руша, пак, стана симбол на жена која е посветена на револуционерното дело, како и мајката Султана. Двете жени на Делчеви, заедно со паднатите јунаци, влегоа во епската историја на Македонија, како пример на пожртвуваност и секогаш ќе бидат дел од моралното и патриотското воспитување на младите генерации Македонци. Гоце Делчев тргнал по патот на една сурова неизвесност, борејќи се на неколку „фронтови“: Прво, против владејачкиот султански режим, за слобода и политичка автономија на Македонија, како чекор кон нејзината државност. Притоа бил неуморен во создавањето и проширувањето на организационата мрежа на МРО; второ, против секое надворешно мешање во македонското револуционерно дело, свесен дека туѓиот ослободител ќе стане нов владетел. Гоце Делчев истакнал дека, доколку не се ослободи Македонија, таа ќе потпадне под некоја од балканските држави или ќе биде разделена меѓу нив; трето, против внатрешните предавници кои му нанесувале огромна штета на македонското револуционерно дело и создавале поделби сред македонскиот народ, заедно со различните туѓи црковно-просветни пропаганди.



Гоце Делчев, заедно со уште некои водачи на МРО водел една совршено самостојна политика, стремејќи кон создавање на независна, автономна Македонија. Спротивставувајќи се на бугарското мешање во македонското ослободително дело, тој децидно им кажал на врховистичките првенци: „Додека моево рамо носи пушка, Македонија ќе биде недостапна за бугарските офицери“! Неговите идеи, проткаени со социјалистички сфаќања, немале никаков допир со бугарската влада. Тој се спротивставувал на бугарскиот шовинизам и на неговиот бугарскиот двор, работејќи неуморно на терен за револуционерна подготовка на народот. За него „моралната револуција – револуцијата на умот, срцето и душата на еден поробен народ, е најголема задача“. Но, и покрај духовната школа, тој бил свесен дека за водење успешна борба мора да постои и систематска борбена обука, воена организација, којашто тој ја градел низ четничкиот институт на МРО, но, пред сè, преку неговото добро вооружување.

Гоце Делчев е историска личност која, освен што има историска заслуга, има и уште поголема вредност, бидејќи неговите современици ги посочуваат и неговите човечки доблести. Тој пленел со својата верност, добрина, искреност и срдечност, знаел да разбере, да прости и да се обиде да ги превоспита оние кои тргнале во спротивен правец од чесноста и борбата, да ги обединува различните луѓе, менталитети и карактери. Бил храбар, непокорен, вреден, истраен, способен организатор и бескомпромисен во однос на зацртаните цели на македонската борба, целосно посветен на возвишениот идеал на слободата, подготвен на саможртва и човек со висок револуционерен морал. Со севкупноста на неговите лични квалитети и револуционерно дело, тој се издигнува во најголемата фигура за македонската ослободителна борба.

Поуките на Делчев за силна верба во самите себеси, за самостојност на македонското ослободително дело, за промовирањето меѓуетнички соживот и за културен натпревар меѓу народите, се трајни вредности кои тој им ги оставил како наследство на идните генерации. Насочувајќи ја борбата против османлиското владеење, а не против Турците како народ, кај него не постоеле шовинистички чувства, едноставно сакал луѓето да ги гледа како луѓе и се залагал за обединување на сите различни национално-верски елементи под знамето на МРО. Според неговите соборци, за македонското револуционерно движење тој е она што бил Левски за бугарскиот, а Мацини за италијанскиот народ.

Иако Делчев го презирал предавството, и самиот тој станал жртва на уште едно од низата предавства со кои се истребувале македонските револуционери. Но, истовремено, презирајќи ја и смртта, на тој начин тој извојувал победа над неа.

Неговиот лик и дело беа и останаа светост за секој Македонец. Затоа Гоце Делчев има заслужно место во „вечната куќа на македонското опстојување“, во неизбришливата колективна меморија на македонскиот народ. Неговите тело почива во престолнината на слободна Македонија, во Скопје, според заветот што самиот го оставил во предсмртниот час на 4 мај 1903 година. ■



# ЛУЃЕТО ШТО ЈА СОЗДАДОА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

## од Президиумот на АСНОМ до судбините на Ченто и на Брашнаров

Пишува: м-р Трајче Чатмов

Во македонската историја има датуми што се паметат, но има и луѓе што се заборават. АСНОМ – Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија најчесто се споменува како историски настан, како симбол на создавањето на современата македонска држава. Но, зад одлуките, декларациите и свечените говори стоеле луѓе со различни животни патишта, различни идеи за иднината и различни судбини по завршувањето на војната. Президиумот на АСНОМ не бил само административно тело. Тој бил симбол на новата власт, на новата држава и на новата политичка реалност што се раѓала во летото 1944 година. Во него биле претставени и старата револуционерна генерација и новите борци од Народноослободителната војна. Тоа била ретка историска точка каде што се сретнале луѓе што потекнувале од различни идеолошки и политички традиции, но биле обединети од една идеја – слободна Македонија. Во таа група луѓе посебно се издвојуваат две личности што ја симболизираат драмата на македонската историја: Методија Андонов-Ченто и Панко Брашнаров. Нивните биографии не се само лични приказни, туку и приказни за една генерација што ја дочекала слободата и веднаш потоа ја почувствувала тежината на новото време.



Методија Андонов-Ченто – претсе-






дателот што ја претставуваше новата држава

Ченто е личност без која не може да се замисли историјата на АСНОМ. Роден во Прилеп, во време кога Македонија била поделена и без сопствена држава, Ченто уште од младоста ја носел идејата за политичка и национална самостојност. Тој не бил само политичар – бил човек што имал јасна визија за иднината на Македонија и кој не се плашел да ја каже својата позиција, дури и кога таа не била популарна. Кога во 1944 година се одржало Првото заседание на АСНОМ, изборот Ченто да биде претседател на Президиумот не бил случаен. Тој бил човек што имал авторитет и меѓу револуционерите и меѓу народот. Во тие историски моменти, кога се поставувале темелите на новата држава, токму Ченто ја претставувал Македонија како политичка реалност, а не само како идеја. Неговата улога во тие денови била повеќе од симболична. Ченто бил човек што верувал дека Македонија треба да биде држава со вистинска политичка самостојност, со сопствен јазик и културен идентитет. За него АСНОМ не бил крај на борбата, туку почеток на нова фаза – фаза во која Македонија требало да се изгради како модерна држава. Но токму тука започнува трагедијата на Методија Андонов-Ченто. По завршувањето на Втората светска војна, неговите идеи за поголема самостојност на Македонија се судриле со новата политичка реалност. Наместо да остане симбол на државноста, тој станал политички противник на системот што се создавал. Осуден, затворен и политички изолиран, Ченто станал една од најтрагичните личности во македонската историја на XX век. И, покрај тоа, неговото име останало симбол на државноста. Денес Методија Андонов-Ченто не се памети само како политичар, туку како човек што ја претставувал идејата за слободна Македонија во најважниот момент од нејзината историја.

Панко Брашнаров – човекот што ја поврза старата револуционерна генерација со новата држава.

Ако Ченто ја претставувал новата политичка Македонија, тогаш Панко Брашнаров ја претставувал старата револуционерна Македонија. Тој бил учител, интелектуалец и човек којшто целиот свој живот го поминал во борба за националното ослободување. За разлика од младите борци од Народноослободителната војна, Брашнаров припаѓал на генерацијата што ја носела идејата за слобода уште од почетокот на XX век. На Првото заседание на АСНОМ, токму тој го одржал говорот со кој било отворено Заседанието. Тоа не бил случаен избор. Со тој чин се покажувало дека новата држава не започнува од ништо, туку дека е продолжение на долгата борба на македонскиот народ. Говорот на Брашнаров бил симболичен момент во кој старата генерација ја предавала идејата за слобода на новата држава. Но, како и кај Ченто, и неговата судбина по војната не била лесна. Иако бил дел од создавањето на државата, неговите ставови и неговото разбирање на македонското национално прашање не се совпаѓале со новонастанатата политичка состојба . Наместо да биде славен како револуционер, тој бил прогонуван и политички маргинализиран. Во таа драматична разврска, неговиот живот завршува на еден од најмрачните симболи на повоената репресија во логорот „Голи Оток". Таму, во тешки и нечовечки услови, Панко Брашнаров го доживува својот трагичен крај, далеку од идеалите за кои се борел целиот свој живот. Токму затоа Панко Брашнаров е една од многуте трагични македонски приказни, но и од најзначајните личности во македонската историја. Тој бил човек што ја дочекал слободата за која се борел цел живот, но не ја дочекал правдата. АСНОМ не е само историски настан што се споменува во учебниците. Тоа е приказна за луѓе што верувале во државата пред таа и да постои. Методија Андонов-Ченто и Панко Брашнаров се само двајца од тие луѓе, но нивните животни приказни најдобро покажуваат колку била сложена борбата за македонската држава. Тие биле дел од истото заседание, дел од истата идеја и дел од истата историја, но нивните судбини покажуваат дека создавањето на држава не завршува само со еден историски ден. Тоа е процес што трае со години, а понекогаш и со генерации. ■





# Меѓународна одговорност за воени злосторства – судски примери и вистински пресуди



Пишува: потполковник Милена Чатмова

Меѓународната одговорност за воени злосторства е основен столб на современото меѓународно хуманитарно право, воспоставена со цел да се заштитат цивилите, ранетите и заробените војници во вооружените конфликти, како и да се осигури дека сторителите на најтешки прекршувања ќе бидат изведени пред правдата. Овој концепт се потпира на принципите на Женевските конвенции, Дополнителните протоколи и други меѓународни договори кои воспоставуваат рамка за санкции и одговорност.

Механизмите за казнување на сторителите на воени злосторства се имплементираат преку Меѓународниот кривичен суд, специјални трибунали и национални судови. Овие институции обезбедуваат правна рамка за гонење и ги потврдуваат универзалните стандарди за човекови права и хуманитарно право. Историјата и современите пресуди покажуваат дека ниеден сторител, без разлика на неговата политичка или воена позиција, не е надвор од законските ограничувања.

## Африка – конкретни примери

Томас Лубанга (ДР Конго, 2012) беше првиот осуден од Меѓународниот кривичен суд за регрутирање и користење на деца-војници во источниот дел на Демократска Република Конго. Лубанга регрутирал деца од околу 11 години за да учествуваат во борбени дејства, што го квалификува како едно од најсуровите прекршувања на Женевските конвенции. Пресудата од 14 години затвор го означи првото успешно гонење на Меѓународниот кривичен суд за злоупотреба на деца





во вооружен конфликт и беше поздравена од меѓународната заедница како значаен сигнал дека регрутирањето на деца нема да остане неказнето.

Жан Пјер Бемба (ДР Конго, 2016), поранешен вицепрезидент на Демократска Република Конго, беше осуден на 18 години затвор за воени злосторства и злосторства против човештвото, вклучувајќи убиства, силувања и пљачкосувања, извршени од неговите сили. Оваа пресуда е историски значајна бидејќи е прва пресуда на Меѓународниот кривичен суд која вклучува сексуално насилство како воено злосторство, и покажува дека командантите и политичките лидери се директно одговорни за дејствата на своите подредени.

Лидерот на бунтовнички сили, Bosco Ntaganda (ДР Конго, 2019), беше осуден на 30 години затвор за регрутирање деца, убиства и силувања. Пресудата е една од најстрогите на Меѓународниот кривичен суд и ја потврдува одговорноста на високите команданти за организирани злосторства.

Patrice-Edouard Ngaïssona и Alfred Yekatom (Централноафриканска Република, 2025) беа осудени за злосторства против човештвото и воени злосторства; Ngaïssona доби 12 години, а Yekatom 15 години затвор. Овие случаи покажуваат дека и во сложени конфликти со милициски групи постои правна одговорност за сторителите.

Ali Kushayb (Судан, 2025) беше осуден на 20 години затвор за злосторства против човештвото и воени злосторства во Дарфур. Пресудата истакнува дека и поединци кои учествувале во организирани масакри и терор врз цивилното население можат да бидат одговорни пред Меѓународниот кривичен суд.

Jean de Dieu Kamuhanda (Руанда, 2000), поранешен министер за образование, беше осуден на доживотен затвор за организирање масакри за време на геноцидот во Руанда 1994 година. Овој случај е значаен бидејќи ја демонстрира одговорноста на политичките лидери, а не само на воените команданти, и ја потврдува важноста на трибуналите во спречување неказнивост.

### Примери од Блискиот Исток:

Хан Шејхун, Сирија (2017) – Нападот со сарин гас врз цивили, при кој загинаа десетици и беа повредени стотици лица, ја илустрира употребата на забранети средства во модерните конфликти. Меѓународната заедница осуди, САД извршија ограничени воздушни удари, а Организацијата за забрана на хемиско оружје (OPCW) спроведе истрага. Овој пример покажува како современите прекршувања на забранети средства предизвикуваат глобална реакција и ја нагласуваат потребата од одговорност.

Механизмите за казнување биле најразлични, односно казните ги спроведувале Меѓународниот кривичен суд, национални судови и специјални трибунали, заедно со санкции и дипломатски мерки. Реакциите на пресудите ги потврдуваат универзалните стандарди за одговорност и демонстрираат дека сторителите на најтешки кршења на човековите права и Женевските конвенции не се надвор од законот.

Преку овие случаи, како Лубанга, Бемба, Ntaganda, Ngaïssona, Yekatom, Ali Kushayb, Kamuhanda и примерот од Хан Шејхун, се создава јасна слика дека правната одговорност е глобална, непристрасна и ефективна.

Хуманитарното право е од суштинско значење бидејќи поставува јасни правни рамки кои ги штитат цивилите и ја обезбедува одговорноста на сторителите, спречувајќи повторување на вакви злосторства во иднина и, на тој начин, промовирајќи мир и стабилност во светот. ■





# Подготвен на тест, но неподготвен на терен

## Зошто физичката подготвеност не значи секогаш и реална подготвеност на терен



Пишува: проф. Александар Грижев

Можно е да се случи еден војник на тестирање да постигне одличен резултат: трчање, сила, издржливост, сè да биде онака како што треба – да има самодоверба, да е физички подготвен и во кондиција, но на терен, после неколку дена, доколку се случило да биде недоволно одморен и наспан, или да биде под притисок и со постојани промени, можно е да се јават првите знаци на промена, дека, всушност со него нешто се случува: концентрацијата почнува да опаѓа, неговите реакциите стануваат побрзи, но не и попрецизни. Се јавува нервоза, напнатост, а одлуките ги донесува повеќе по инерција отколку според процена. Но, оттука произлегува едно сосем логично прашање: Како е можно некој што е физички подготвен да не биде психолошки подготвен? Одговорот е едноставен, но честопати се игнорира: физичката подготвеност не е исто што и психолошката..

Психолошката подготвеност не значи дека нема стрес, замор или притисок. Тоа е способност да функционираш и кога тие се присутни. Да донесеш одлука кога не си во идеална состојба. Да расудуваш и да донесуваш одлуки и кога ситуацијата не е под контрола. Оваа подготвеност не може да се согледа на прв поглед. Не се мери лесно како број на километри или број на повторувања. Но, токму таа често прави разлика дали ситуацијата ќе остане под контрола или ќе почне да излегува од контрола.

Каде настанува проблемот? Во една тивка, но многу распространета заблуда: Ако си физички подготвен, ќе издржиш сè. Меѓутоа, во практика, секогаш и не е така. Заморот не влијае само на телото, туку и на начинот на којшто размислуваме. Кога си ненаспан, вниманието паѓа, реакциите стануваат автоматски, а шансите за правеќе грешки се зголемуваат. Само еден мал пропуст што во нормални услови би се избегнал, при овие ситуации станува реален ризик.

Кога некој е под притисок, не страда само организмот, туку и односот со луѓето околу нас. Луѓето стануваат понервозни и поневнимателни,, побрзо реагираат и полесно влегуваат во конфликт. Една кратка реченица може да се сфати како провокација. Една мала

ситуација може да прерасне во непотребна тензија. Притисокот создава чувство дека „времето тече". И, тогаш се прескокнува проверката, се скратува размислувањето и се оди на првата опција што изгледа доволно добра. Во некои ситуации тоа и помага, но од друга страна создава и проблеми.

Сите овие ситуации не се исклучок. Тие се нормален дел од работата. Прашањето не е дали ќе се појават, туку дали ќе ги препознаеме навреме. Често проблемот не е во тоа што војникот „не сака" или „не може", туку во тоа што предолго се обидува да функционира како ништо да не се случува со него. Во воена средина тоа донекаде е разбирливо: луѓето не сакаат да изгледаат слабо, не сакаат да ги оптоваруваат другите со своите проблеми и честопати мислат дека е подобро само да „протуркаат" уште малку. Но, токму тука се прави грешката. Игнорираниот замор не исчезнува. Потиснатата нервоза не се решава сама. Непризнатиот притисок не станува помал само затоа што молчиме. Напротив, сè тоа тивко се собира, додека не почне да се гледа во однесувањето, во одлуките и во односите со другите.

Како изгледа кога некој не е психолошки подготвен? Тоа секогаш не мора да биде драматично. Нсјчесто се забележува во мали, но важни промени: брзо избувнување, нервоза, дури и за ситници. Моше да се загуби и фокусот на задачи коишто порано биле рутина: повлекување од тимот или избегнување комуникација. Импровизација таму каде што не треба. Овие знаци не значат дека некој не знае или дека не може. Едноставно значат дека моментално не функционира соодветно на своите капацитети. И, токму тука се јавува ризик, затоа што тоа не се забележува секогаш навреме.

Три едноставни прашања за да се направи една кратка проверка дали една личност е психолошки стабилна:

1. Каква ми е концентрацијата? Дали лесно губам фокус или можам да следам ситуација без проблем?
2. Како реагирам на луѓето околу мене? Смирено или избувливо и нервозно?
3. Какви одлуки донесувам, промислени или импулсивни, колку да се заврши задачата?



Што значи да си психолошки подготвен? Тоа не значи да не чувствуваш ништо, ниту, пак, значи да си постојано смирен и сигурен. Значи да знаеш да се препознаеш себеси. Да забележиш кога ти опаѓа концентрацијата. Да препознаеш дека заморот влијае на тебе. Да направиш кратка пауза кога постојат услови за тоа, да побараш поддршка од некој колега наместо да истуркаш сè сам.

Во воена средина, ова никогаш не е само индивидуална работа. Тимот има клучна улога. Колегата честопати може да забележи нешто што ти не го забележуваш. Понекогаш е доволно да го прашаме својот колега дали е добро. Кога еден ќе „падне", тимот го „држи". Но, тоа функционира само ако постои доверба и ако луѓето реагираат навреме.

Културата во единицата прави разлика. Ако во една единица постои практика да се разговара за сè, па дури и за проблемите, доколку треба да им се помогне на припадниците од единицата и да се реагира, тогаш ризиците се помали. Ако сигналите се игнорираат, проблемите не исчезнуваат, туку се акумулираат.

На крај, најважно е да се запомни: Не се мери само колку можеш да истрчаш, туку и колку можеш да останеш присебен кога е најтешко.

На терен, разликата не ја прави најсилниот, туку највнимателниот. ■










# ХРОНИКА ЗА БОЛКАТА, ЗА НАУКАТА И ЗА БОРБАТА ЗА СПАСУВАЊЕ ЧОВЕЧКИ ЖИВОТИ

Пишува: Станка Петкова

Војната отсекогаш била симбол на уништување, но зад линиите на фронтот постои уште една, помалку видлива, но подеднакво сурова реалност – медицинската борба за спасување на животите на тешко повредените. Трауматските повреди на бојното поле претставуваат еден од најдраматичните и најкомплексни предизвици во современата медицина. Тие се случуваат ненадејно, масовно и во услови каде што ресурсите се ограничени, а притисокот е огромен.

Траумата во воени услови ретко е едноставна. За разлика од сообраќајните несреќи или индустриските повреди, повредите на бојното поле најчесто се комбинирани и екстремни. Експлозивни направи, мини, артилериски гранати и автоматско оружје предизвикуваат масивни оштетувања на ткивата, внатрешни крварења, фрактури, изгореници и ампутации.

Особено опасни се повредите од експлозии каде што телото е изложено на ударен бран, шрапнели и истобремено и на топлински ефекти. Во такви случаи, повредениот може да изгледа релативно стабилно, додека внатрешно да има фатални оштетувања. Токму затоа дијагностиката и првата процена на повредата се од клучно значење.

### Првите минути: „Златниот час“ на преживување

Воената медицина често зборува за таканаречениот „Златен час“ – првите 60 минути после повредата, кога брзата и правилна интервенција драматично ги зголемува шансите за преживување. Контролата на крварењето, обезбедувањето на дишните патишта и спречувањето на шок се основните приоритети.

Современите армии вложуваат огромни ресурси за обука на војниците за самопомош и меѓусебна помош на терен. Турникети, хемостатски завои и инди-

видуалните медицински комплети денес се стандардна опрема. Овие едноставни, но ефикасни алатки спасуваат илјадници животи уште пред повредениот да стигне до лекарот.

Полските болници и мобилните хируршки тимови го претставуваат „срцето“ на воената медицинска грижа. Честопати ваквите болници се поставени во шатори или се импровизирани објекти кои функционираат 24 часа дневно, под закана од нови напади. Лекарите и медицинските сестри работат во тешки услови: недостиг од сон, постојан стрес и морални дилеми. Тука се донесуваат и најтешките одлуки – кој пациент има приоритет, кој може да се спаси, а кому, за жал, не може да му се помогне. Оваа т.н. тријажа е една од најтешките задачи во медицината, оставајќи длабоки психолошки последици и кај здравствените работници.

### Технологијата како сојузник

И покрај суровите услови, модерната технологија сè повеќе го менува третманот на трауматските повреди. Напредните методи за контрола на крварењето, преносливите ултразвучни апарати, телемедицината и брзата воздушна евакуација овозможуваат повредените да добијат специјализирана нега за рекордно кратко време.

Развојот на протетиката претставува уште една светла точка. Денешните протези, често управувани со електронски сигнали од мускулите, им овозможуваат на ампутираните војници повторно да одат, да работат и да водат релативно нормален живот.

### Психолошките последици: Раните што не се гледаат

Дури кога и телото ќе заздрави, умот често останува ранет. Посттрауматското стресно нарушување, ноќните кошмари, чувството на вина и емоционалната оттуѓеност се чести појави меѓу преживеаните. Многу ветерани сведочат дека психолошката болка е потешка и подолготрајна од физичката.



Сè поголем број експерти нагласуваат дека психолошката поддршка мора да биде составен дел од третманот, а не дополнителна опција. Рехабилитацијата подразбира и враќање во општеството, повторно градење на идентитетот и справување со трауматичните спомени.

### Хуманитарното право и моралните дилеми

Меѓународното хуманитарно право јасно пропишува дека ранетите мора да бидат заштитени и лекувани, без оглед на тоа на која страна припаѓаат. Во реалноста, ова правило често се прекршува. Нападите врз медицинските установи и персоналот стануваат сè почести, што ја доведува во прашање медицинската неутралност.

Трауматските повреди на бојното поле не се само медицински проблем, туку огледало на човештвото во екстремни услови. Тие ја покажуваат способноста на човекот да уништува, но и неговата моќ да спасува, да сочувствува и да се бори за живот.

Медицината продолжува да напредува, но едно прашање останува секогаш отворено: Дали светот ќе вложи исто толку напор во спречување на војните колку што вложува во лекување на нивните последици? Дотогаш, на бојното поле ќе продолжи уште една тивка војна – онаа за секој спасен здив. ■






# Симулација што ја претвора видеоиграта во вистинска воздушна војна

Пишува: м-р Трајче Чатмов

„Falcon BMS“ е редок пример на видеоигра што не само што преживеала повеќе од две децении, туку со текот на времето станала уште пореалистична и подлабока. Наместо класична модерна игра со голем буџет, ова е проект создаден од заедницата околу легендарната симулација „Falcon 4.0“, кој денес се развива како целосна модерна воена симулација. Она што ја прави оваа игра толку важна не е само носталгијата, туку фактот дека „Falcon BMS“ нуди нешто што дури и многу нови игри не го имаат: вистинско чувство дека си дел од реална воздушна војна. Најсилниот елемент на„ Falcon BMS“ е реализмот. Развивачите буквално ја реконструирале динамиката на летот



на„ F-16“ врз основа на вистински податоци (вклучително и NASA податоци за аеродинамика). Тоа значи дека играчот не управува со „авион во игра“, туку со вистински борбен систем па затоа е потребно играчот да научи да управување со радар, навигациски процедури, со реални методи за лансирање ракети, управување со гориво и мотор и тактика на воздушна борба. Ова ја претвора играта во нешто што е многу поблиску до воен симулатор отколку до класична видео игра. И токму затоа Falcon BMS често се препорачува на луѓе што се интересираат за воена авијација, а не само за гејминг. Најважниот дел од Falcon BMS е динамичната кампања. Наместо однапред направени мисии, играта симулира цела војна во реално време. Играчот може да биде само пилот,да планира мисии, да командува со ескадрила, или да ја следи целата војна од стратешка перспектива. Секој лет има последици. Ако некоја мисија пропадне – следната мисија станува потешка. Ако уништиш непријателска база – целата кампања се менува. Овој систем е толку напреден што дури и денес многу модерни flight-sim игри немаат ништо слично. Интересно е што и самата заедница на играчи најчесто ја истакнува токму динамичната кампања како најсилниот дел од играта. На „Reddit“ често се опишува како „неповторлива“ и „подобра од многу нови симулации“.

„За првпат почувствував дека сум вистински борбен пилот, а не само играч во кокпит.“

Ова покажува колку силно играта влијае врз луѓето што ја играат. Иако „Falcon BMS“ потекнува од игра стара повеќе од 20 години, денешните верзии веќе не изгледаат како класична стара игра. Во последните верзии се додадени нов теренски „engine“, подобрена атмосфера и осветлување, „DirectX 11“ графика, VR-поддршка, нови 3D-модели на авиони и бази. Верзијата 4.38 (2025), дури носи целосно нов„ terrain engine“ и подобрени кокпити, што значи дека играта визуелно се приближува до многу понови симулации. Ова е редок случај каде што старата игра не застарува туку станува подобра со секоја нова верзија. Главни слабости се тие што многу е тешка за учење, играта бара часови читање упатства и вежбање. Дури и официјалниот прирачник има стотици страници, што покажува колку е сложена симулацијата, не е за играчи што сакаат брза акција , ако некој сака брзи воздушни битки без многу размислување. Оваа игра може да му биде преголема и преспора. Иако има и други авиони, главниот фокус е секогаш „F-16“, што за некои играчи може да биде ограничување. Ако ја гледаме„Falcon BMS“ како обична видеоигра тогаш можеби изгледа стара. Но, ако ја гледаме како воена симулација тогаш таа е една од најдобрите што постојат. Тоа е игра што не се игра за графика или ефекти, туку за ,реализам, тактика, автентична воена атмосфера и чувство дека си дел од вистинска воена операција. „Falcon BMS“ не е игра за секого, но за љубителите на воената авијација таа е нешто многу повеќе од игра. Тоа е симулација што ја претвора виртуелната воздушна борба во вистинско воено искуство. Токму затоа и денес, повеќе од две децении по излегувањето на оригиналната игра, „Falcon BMS“ сè уште се смета за една од најреалистичните симулации на борбен авион што може да се игра на домашен компјутер. ■







## Кирил Лазаров, селектор на Македонската ракометна репрезентација

# Без потценување – до пласман на десетто светско првенство

Пишува: Борче Лозановски

Најуспешната македонска спортска репрезентација – машката ракометна репрезентација, на средината на овој месец ќе биде пред нов сериозен предизвик, бараж за пласман на Светското првенство кое ќе се одржи во периодот од 13 до 31 јануари 2027 година во Германија. Противник во битката за мундијалската „виза“ ќе ни биде селекцијата на Словачка, со која прво ќе се сретнеме во Прешов (на 14 мај), а три дена подоцна (на 17 мај), во Скопје, каде што се очекува силна поддршка од исполнетите трибини во салата „Борис Трајковски“.

Во овој двомеч, селекторот Кирил Лазаров и неговите избраници ќе се борат да обезбедат „билет“ за нашето јубилејно, десетто учество на мундијалите (осмо во низа), а со тоа и за продолжување на континуитетот настапи на врвните меѓународни натпреварувања (од Европското првенство во Србија во 2012 година, настапивме на седум светски и на осум европски првенства, а вкупно, од 1998 година, на девет собири на најдобрите репрезентации во светот и во Европа). Од друга страна, Словаците досега играа на само две СП (во 2009 и во 2011 година) и на 4 ЕП (во 2006, 2008, 2012 и во 2022 година).



Претходното, но и останатите параметри и рејтинзи говорат дека Македонија ќе биде фаворит на двомечот, односно, дека „црвено-жолтите“ имаат голема можност да ја исполнат својата цел – пласман на СП. Затоа, очекувањата од домашната јавност се големи и владее голем оптимизам дека Словачка е ривал по мерка за потврда на континуитетот на македонскиот ракомет на светската сцена.

Сепак, јасно е дека тоа ќе треба да се потврди и на терен, каде што мора да се одигра борбено, дисциплинирано и со „срце“ за Македонија. Токму тоа го потенцираше и селекторот Кирил Лазаров, кој во разговор за магазинот „Штит“ повика на внимателност и стави до знаење дека не сме во позиција да се сметаме за недопирливи.

**Петти во Србија, деветти во Катар**

*Почнувајќи од ЕП во Италија (во 1998 година) и СП во Египет (во 1999 година), машката ракометна репрезентација на Македонија досега има по 9 учества на светските и на европските шампионати. Најголемиот успех „црвено-жолтите“ го постигнаа во 2012 година на ЕП во Србија, кога заврши на петтото место, додека на мундијалите, највисокиот пласман е деветтото место, освоено во Катар во 2015 година.*



„Ние, како репрезентација на Македонија, никако не смееме да потцениме ниеден противник. Многупати се покажало дека секое опуштање може да доведе до проблеми, а јас мислам дека шансите за пласман на СП се подеднакви“, вели Лазаров.

Како потврда на своите зборови, тој ги истакнува и квалитетите на Словаците, за кои смета дека, исто така, се задоволни од добиениот противник во баражот.

„Веќе подолго време репрезентацијата ја води шпански тренер со добро познатиот шпански систем. Добро се уиграни, бидејќи работат подолго време заедно и делуваат компактно. Неатрактивна репрезентација со одличен тимски дух и сплотеност. Ние сме посакуван противник за сите. Сигурен сум дека ќе имаат огромна мотивација да ја искористат шансата за нивниот добар ‘ждреб’“, додаде македонскиот селектор.

Кога е во прашање нашиот национален тим, за Лазаров во овој момент најзначајно е да нема проблеми со здравствениот билтен на играчкиот кадар. Тој вели: „Се надевам дека ќе бидеме здрави и комплетни, со оние играчи што ги планирам за дуелите со Словачка. Крај на сезона е и треба да бидеме претпазливи и добро да ја испланираме ЕХФ неделата кога се играат двата дуела“. За крај селекторот имаше и порака до македонските љубители на ракометот:

„Како многупати досега би сакале да не поддржат, со цел Македонија да се пласира на уште едно СП. Очекувам поддршка од нашата „Фаланга“ и во Словачка и во Македонија. Тие се нашиот осми играч. А, наша обврска е секогаш да го дадеме нашиот максимум за националниот дрес и да ги задоволиме нашите верни навивачи со борба и ангажман на високо ниво за нашата Македонија“ – истакна на крајот селекторот на Македонската машка ракометна репрезентација, Кирил Лазаров. ■






# „НА ЗАПАДОТ НИШТО НОВО“ – гласот на изгубената генерација

Пишува: Станка Петкова

Кога германскиот писател Ерих Марија Ремарк го објавил романот „На Западот ништо ново" во 1929 година, никој не очекувал дека книгата ќе стане светска сензација. За само неколку месеци, делото се продало во милиони примероци и го изменило начинот на кој светот гледал на настаните од Првата светска војна.

Романот раскажува за Паул Боимер и неговите другари — млади германски ученици кои, под влијание на националистичките говори на нивниот наставник, доброволно се пријавуваат на фронтот. Она што ги очекува не е ниту слава, ниту чест, туку само кал, глад, страв и смрт на пријателите.

Ремарк пишува во прво лице — суво, директно, без украси. Токму затоа има толку силно влијание врз читателите.

„Ние сме напуштени како деца и искусни како стари луѓе, ние сме груби, тажни и плитки — мислам дека ние сме изгубени."

Книгата набрзо станала цел на политиката во тоа време. Нацистите ја прогласиле за „предавничка" и „поразувачка", а во 1933 година јавно ја запалиле на плоштадот во Берлин. Самиот Ремарк бил принуден да емигрира.

Парадоксот на овој роман е силен – романот е напишан од Германец, за германски војници, а бил забранет во Германија.

По неговото објавување биле продадени педесет и осум милиони примероци, а подоцна романот се читал во училиштата низ целиот свет. Причината е едноставна — Ремарк не пишува за победници и губитници. Пишува за момчиња кои отишле во војна со соништа, а се вратиле само оние малкумина кои преживеале, оние кои освен за траума, не знаеле за ништо друго.

Филмската адаптација на романот од 2022 година на„Netflix“ освои четири оскари, вклучувајќи ја и Наградата за најдобар меѓународен филм, што повторно го врати романот во фокусот на вниманието во целиот свет.

„На Западот ништо ново" не е само роман за Првата светска војна. Тој е потсетник дека зад секоја воена статистика стојат човечки животи — млади, полни со надежи, животи коишто завршиле пред да процветаат.

Со својата искреност и хуманистичка порака, романот „На Западот ништо ново“ претставува симбол на антивоената литература. Делото не ја слави војната, туку ја разобличува нејзината суровост и бесмисленост, потсетувајќи нѐ дека зад секој конфликт стојат човечки судбини и изгубени животи.

Денес ова дело се смета за едно од најважните сведоштва за трагедијата на Првата светска војна, а пораката на Ремарк останува актуелна – дека вистинската цена на војната секогаш ја плаќаат младите луѓе испратени на фронтот. ■










# ЏОН ФИЛИП СУЗА

## КРАЛОТ НА ВОЕНИТЕ МАРШЕВИ

Пишува: Станка Петкова

### Човекот, чијашто музика ја одбележа Америка во ноти

Џон Филип Суза (1854 - 1932) е роден во Вашингтон како син на морнарички тромбонист. Кога имал 13 години неговиот татко го запишал како чирак во Оркестарот на американската Морнарица, одлука која понатаму ќе го определи целиот тек на неговиот живот.

Во 1880 година станал 17. директор на Оркестарот на Морнарицата, позиција која ја извршувал до 1892 година. За овој период создал маршеви кои одекнуваат до ден-денес: „Semper Fidelis" (1888), официјален марш на Морнарицата, „The Washington Post" (1889) и „The Thunderer" (1889).

Во 1892 година формирал свој оркестар, „Sousa Band“, со кој наредните 40 години патувал низ светот. Првата европска турнеја била во 1900, а светската турнеја во 1910 година.

Суза искомпонирал 136 воени маршеви кои се познати по своите ритмички и инструментални ефекти. Негови најпознати воени маршеви се:

- „The Stars and Stripes Forever" (1897) - национален марш на САД од 1987 година;
- „Semper Fidelis" (1888) - официјален марш на Морнарицата;
- „The Washington Post" (1889) - маршот што му донесе светска слава;
- „The Liberty Bell" (1893).

Но, Суза не бил само композитор на маршови. Тој напишал 11 оперети, најмалку 70 песни, 11 валцери, 12 други танци, 11 свити, 14 хуморески и 27 фантазии. Неговата оперета "El Capitan" (1896) била особено успешна.

Кога започнала Првата светска војна, 62-годишниот Суза се вклучил во Воеhistното поморство и формирал оркестар од 300 музичари во Центарот за обука на морнарицата.

Починал на 6 март 1932 година од срцев удар на 77-годишна возраст.

Ден претходно го диригирал својот најпознат марш, „The Stars and Stripes Forever".

Тој, еднаш изјавил: „Кога ќе слушнете дека Суза се пензионирал, ќе слушнете дека Суза е мртов."

Погребан е на „Congressional Cemetery“ во Вашингтон. Секоја година на 6 ноември, оркестарот на Морнарицата изведува „Semper Fidelis" на неговиот гроб.

Суза, исто така, го редизајнирал басот-туба наречен „хеликон“, создавајќи го инструментот што денес го носи неговото име - саузафон.

Џон Филип Суза, не само што компонирал музика, туку тој го дефинирал звукот на американскиот патриотизам. Неговите маршеви и денес се изведуваат на празникот 4 Јули, на воени церемонии и на паради низ целиот свет. Кога луѓето ја слушаат неговата музика, тие не слушаат само ноти, тие слушаат еден дух што внесува оптимизам, гордост и слобода. ■








# „Браќа по оружје“

## телевизиски споменик на храброста на една генерација

Мини-серијата„Band of Brothers“ („Браќа по оружје“), претставува едно од најзначајните телевизиски остварувања посветени на Втората светска војна. Продуцирана од Стивен Спилберг и Том Хенкс, серијата ја следи вистинската приказна на падобранската единица „Easy Company“ од 506. падобрански полк, дел од 101. американска воздушно-десантна дивизија. Дејството започнува со обуката во кампот „Такоа“ во САД и ги води гледачите низ најкритичните операции на Западниот фронт – десантот во Нормандија на Денот „Д“, жестоките борби во Холандија, опсадата на Бастоњ, сè до влегувањето во нацистичка Германија и крајот на војната. Наместо класичен херојски наратив, серијата нуди суров и искрен приказ на војната, видена низ очите на обичните војници. Она што „Band of Brothers“ ја издвојува од другите воени серии е нејзината автентичност.

Сценариото е базирано на истоимената книга на историчарот Стивен Амброуз, а секоја епизода започнува со сведоштва од вистински ветерани-преживеани припадници на „Easy Company“. Тие сведоштва ѝ даваат човечка димензија на приказната и ја претвораат серијата во документарно-драматичен запис за една генерација што ја платила слободата со огромни жртви.

Серијата не и дава романтична нота на војната, напротив, таа ги прикажува стравот, загубите, внатрешните конфликти меѓу офицерите и војниците, но и силното братство што се создава меѓу луѓе кои секојдневно се соочуваат со смртта. Ликовите не се претставени како совршени херои, туку како луѓе со слабости, сомнежи и морални дилеми.

Со врвна продукција, прецизна воена терминологија и извонредна актерска екипа, „Band of Brothers“ денес се смета за златен стандард за воени телевизиски продукции. Две децении после својата премиера, серијата останува актуелна и релевантна, не само како приказна за Втората светска војна, туку и како потсетник за цената на слободата и значењето на човечката солидарност во најтешките времиња. ■

**Жанр: Воена драма, Продукција : Том Хенкс, Стивен Спилберг, Базирано на: „Band of Brothers“ од Стивен Е. Амброуз, Сценарио: Ерик Џендресен,,Том Хенкс,, Џон Орлоф,,Е. Макс Фрај, Грејам Јост,, Брус С. Мекена, Ерик Борк Режија: Фил Алден Робинсон, Ричард Лонкрејн, Микаел Саломон,, Дејвид Натер, Том Хенкс,, Дејвид Леланд, Дејвид Френкел, Кирк Асеведо, Главните улоги: Ејон Бејли, Мајкл Кадлиц , Дејл Дај , Рик Гомез , Скот Грајмс, Музика: Мајкл Камен, Земја на потекло: САД, Оригинален јазик: Англиски, Број на епизоди: 10**

Пишува: Станка Петкова

# ВОЕНИ ФОТОРЕПОРТЕРИ

**Александар Гарднер** е еден од најзначајните фотографи од 19 век и една од клучна фигура за развојот на документарната и воена фотографија. Тој е роден во 1821 година во Шкотска, но подоцна се преселил во САД каде што неговата кариера добила вистинско историско значење за време на Американската граѓанска војна. Отпрвин Гарднер работел во студиото на познатиот фотограф Метју Брејди, но подоцна започнал самостојна работа и станал еден од најважните хроничари на војната. Неговите фотографии не биле само портрети на војници и генерали, туку и силни визуелни сведоштва за страдањата, разурнувањето и суровата реалност на бојното поле. Особено познати се неговите фотографии од бојното поле кај Гетисбург, кои се сметаат за едни од првите вистински воени фотодокументи во историјата. Освен по воените фотографии, Гарднер е познат и по портретите на значајни историски личности, меѓу кои и претседателот Абрахам Линколн. Неговите портрети на Линколн се меѓу најпрепознатливите фотографии од 19 век и имаат големо историско и уметничко значење. Во 1866 година Гарднер ја објавил и познатата книга „Gardner's Photographic Sketch Book of the War", која содржи фотографии и описи од Граѓанската војна. Ова дело претставува едно од првите систематски документарни изданија во историјата на фотографијата и силен пример за тоа како фотографијата може да ја пренесе вистината за историските настани. Александар Гарднер ќе остане запаметен како фотограф кој не само што ги документирал настаните, туку и ја претворил фотографијата во вистински историски спомен. Неговото творештво и денес се смета за едно од најважните сведоштва за Војната и за развојот на современата документарна фотографија. ■









Пишува: м-р Трајче Чатмов

Четата на војводата Апостол Петков – „Еницевардарско сонце“



Од приватната архива на Диме Ратајкоски